СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023 ГОДИНА

**Март 2024 година**

**С к о п ј е**

2023 година продолжи да дејствува со сериозни предизвици, како последица и продолжено модифицирано влијание на разните варијации на глобалната криза, кои од 2008та година се појавуваат периодично, кочејќи го растот и развојот на кревките економии ккао македонската. Но, Комората на иднината, која веќе дејствува во вториот век од своето постоење, следејќи ја целта за која постои како „консултант во бизнисот“, во интерес на своите членки продолжи да делува согласно барањата и потребите на компаниите.

Разните форми на кризи, на државно, регионално и меѓународно ниво, не го запреа ниту успорија темпото со кое Стопанската комора ги креираше и реализираше своите активности. Активностите за подршка на индустријата и извозот останаа на врвот на приоритетните на делување на Комората, преку Стручната служба, во рамки на која останува традиционалниот принцип на делување преку Здруженија, Асоцијации, Групации, но не помалку важно е и делувањето на Советите за унапредување на високото образование и стратешките истражувања; за развој на тренингот и обуките; за унапредување на индустриското производство и извоз и за напредни технологии, а согласно трендовите кои ги наметнуваат глобалните случувања се креираа услови и за формирање на нови форми на делување со акцент на следење на политиките на животната средина и потребите на микро, малите и средни компании како носители на иновтаивни репенија и напредни технологии кои ги потикнуваат извозните активности на производните капацитети.

Во 2023 година значаен дел од коморските активности беа насочени кон креирање на инфраструктура за ставање во функција на низа нови модерни алатки меѓу кои - **берзата на трудот, институтот за извоз, школа за бизнис лидери, дигитален клуб на извозници, вмрежување на домашните и странските компании кои делуваат во државата, модули за поддршка на малите и средни претпријатија и преквалификациите.**

Со сите овие услуги Комората продолжува да ја зацврстува улогата на мост помеѓу реалниот сектор и останатите форми на делување во општеството, креирајќи на тој начин база, Комората преку нови компании и личности, нови приврзаници и симпатизери да го реализира бизнис делувањето во државата.

Во 2023 година во комплетиран состав и целосно оперативно почна да функционира Кабинетот на претседателот на Стопанската комора, покрај Стручната служба на Комората.

Во 2023 година останавме активни преку разните форми на настани и активности кои ги реализираме, повеќе од 100-тина (прес конференции, трибини, расправи за конкретни теми со компаниите, посета на фирми). Реализиравме над 20 тематски прес конференција. Медиумите беа присутни и на повеќе од 20 настани организирани за конкретна цел, тематски. Се одржаа повеќе од 30-тина состаноци и расправи на конкретни теми од интерес за компаниите со вклучување на претставници од надлежните државни институции. Организиравме над 40 конференции, бизнис-форуми, бизнис-средби, активности во рамки на поектите во кои директно е вклучена Комората:

- ЕЕН мрежата;
- Е4Е – Образование за вработување;
- ПСРИСА - Проектот: “Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција”;
- SeeThe Skils – одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вредни;
- Стимулирање на зелени вработувања: Клучни точки за прекугранични образовни и технолошки иновации (Г.Е.М.С.) во реализација на РК Битола;
- Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот – DIG-IN-KPI).

Дополнително и серија состаноци на здруженијата според дејности, серија активности во рамки на регионалните комори, повеќе од 100тина работни средби во компании. Во секој број на месечниот магазин ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС се објавуваат текстови за активностите на Стопанската комора на Македонија (повеќе од 90 текста).

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –

| | |
|---|---|
| ПЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **12.04.2023 година** | • Презентација на анкетата за загубите кои ги претрпеа нашите членки во енергетската криза во 2022 година;<br>• Предлог – Извештај за активностите на СКСМ во 2022 година<br>• Предлог- Финансиски извештај за работењето на Стопанска комора на Северна Македонија за 2022 година;<br>• Извештај за спроведување на Декларацијата за лојалност и високи професионални стандарди;<br>• Кадровски прашања |
| ШЕСНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **7.12.2023 година** | • Отворен форум: Граѓаните против корупцијата - Зашто борбата против корупцијата е релевантна тема за приватниот сектор;<br>• Програма за работа на Стопанската комора на Северна Македонија во 2024 година;<br>• Финансиски план за 2024 година на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Скрининг механизам за странски директни инвестиции;<br>• Кадровски прашања; |

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| 20-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>**09.03.2023 година** | • Инфомација за состојбата во врска со енергетска криза, од м-р Васко Ковачевски – претседател на УО и генерален директор на АД Електрани на Северна Македонија;<br>• Извештај од спроведувањето на Декларацијата за лојалност и високи професионални стандарди усвоена од Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија на ден 10.06.2021 година, дискусија за актуелната ситуација и утврдување на приоритети и методологија за понатамошните активности на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Предлог- Одлука за формирање на работно тело за изработка на анализа: "Сивата економија во земјата";<br>• Предлог- Програма за работа на Советот за напредни технологии;<br>• Информација за досегашните активности на Стопанската комора на Северна Македон во процесот на преговорите со ЕУ;<br>• Информација за проектни активности во кои е вклучена Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Иницијатива за уредување на работен Кабинет на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Иницијатива за утврдување на потребата за донесување на одлука за определување на надомест за работата на членовите на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија; |
| 21-ВА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР<br>НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>**12.04.2023 година** | • Предлог – Извештај за активностите на СКСМ во 2022 година<br>• Предлог- Финансиски извештај за работењето на Стопанска комора на Северна Македонија за 2022 година;<br>• Кадровски прашања<br>• Извештај за проектни активности<br>• Информација за активностите на Комисијата за финансиска поддршка на процесите за дигитализацијата во компаниите за период 01.11.2022 година до 31.03.2023 година; |
| 22-РА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР<br>НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>- заедничка специјална седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Макеоднија и Македонската енергетска асоцијација (МЕА).<br>**24.04.2023 година** | • Анализа за енергетската состојба (2022-2023) и утврдување на Концепт за поддршка на компаниите со електрична енергија со конкретни предлог мерки и решенија<br>• Презентација на анкетата за загубите кои ги претрпеа нашите членки во енергетската криза во 2022 година |

| | |
|---|---|
| 23-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР<br>НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>**21.06.2023 година** | • Презентација на анализата: “Сивиот дел” на македонската економија: големина, импликации, решенија<br>• Предлог-одлука за доделување награди на Стопанската комора на Северна  Македонија за 2022 година;<br>• Измена на акти на Бизнис Центарот за тренинг и обука ДООЕЛ Охрид<br>• Предлог-финансиски извештај и Предлог-извештај за работа на Бизнис центарот за тренинг и обука ДООЕЛ Охрид за 2022 година;<br>• Проектни активности<br>• Предлог- Идеен проект за ентериерно решение за уредување на посебен работен на Кабинет на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Кадровски прашања |
| 24-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР<br>НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>**14.09.2023 година**<br>СО<br>ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 24-ТА СЕДНИЦА<br>**14.11.2023 година** | • Актуелната економска ситуација и преговори со Владата на РС Македонија и политичките партии, излагање на Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Презентација на два клучни документи на СКСМ<br>- Декларација за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, усвоена од Собранитео на СКСМ на ден 14.07.2022 година, состојби и активности;<br>- Предлог - принципи на делување во уредувањето на односите помеѓу јавниот и приватниот сектор;<br>• Уредување на односите помеѓу јавниот и приватниот сектор-прашања од интерес за Стопанската комора;<br>• Надворешно-трговска размена со соседите - наша цел дуплирани резултати;<br>• Информација за состојбата со гасификацијата на земјата;<br>• Измена на акти за сертификатна марка;<br>• Предлог за воспоставување на мораториум на наплатата на членарината за Стопанската комора на Северна Македонија за период од една година, започнуваќи од 01.11.2023 година;<br>• Кадовски прашања;<br>• Измена на акти на Бизнис Центарот за тренинг и обука ДООЕЛ Охрид;<br>• Измена на акти на ККУ ГЛОБАЛ ДООЕЛ Скопје;<br>• Информација за подготовка на проектни апликации на Стопанската комора на Северна Македонија; |

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР
# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **Петта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 08.02.2023 година** | • Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2022 година со извештаите на пописните комисии |
| **Шеста седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 31.03.2023 година** | • Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година<br>• Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА“ ДООЕЛ - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година |
| **Седма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 21.07.2023 година** | • Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Северна Македонија за период 01.01.2023 до 30.06.2023 година<br>• Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година<br>• Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година<br>• Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година<br>• Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година |
| **Осма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 13.09.2023 година** | • Предлог за воспоставување на мораториум на наплатата на членарината за Стопанската комора на Северна Македонија за период од една година, започнувајќи од 01.11.2023 година |
| **Деветта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 04.12.2023 година** | • Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Северна Македонија за 2024 година |

**Клуб 100 има водечка улога во менаџирањето на Комората**, тој е најрепрезентативен претставник на приватниот сектор во нашата држава и е преговарачки тим на Комората на највисоко ниво, и во домашните и во меѓународните релации. Клубот 100 има водечка улога во менаџирањето на Комората, а како најрепрезентативен претставник на приватниот сектор во нашата држава нивните компании со години наназад се во врвот на листата на најуспешните компании. Компаниите предводени од членовите на Клубот 100 остваруваат годишен обрт од над милијарда евра, вработуваат над 6.200 вработени, годишно уплаќаат повеќе од 105 милиони евра даноци и придонеси.

Во 2023 година преку одржани четири седници, неколку работни состаноци и непосредна комуникација на дневна основа работеа на дефинирање и утврдување на стратешки правци на работење и делување на Комората.

Се следеа сите законски измени кои имаа влијание на работењето на компаниите, и соодветно се превземаа низа активности. Се разгледуваше иницијативата за стопирање на постапката за носење на Предлог на Законот за данок на солидарност; На 26.06.2023 година, Стопанската комора на Северна Македонија преку Клубот 100 и органите на Комората, ја поднесе иницијативата за стопирање на постапката за донесување на Предлогот на Законот за данок на солидарност, а потоа истата и се оспори пред Уставниот суд на Република Северна Македонија. Се спроведе медиумска кампања за најавениот штрајк на вработените во УЈП, за данокот на солидарност, за сивата економија, за економските политики пред политичките и многу други., а како најрепрезентатвен орган се реализира средби со претставници од државниот врв во земјата и во странство.



## Единаесетта седница на Клуб 100

**03.11.2023**

- Предлог - принципи на делување во уредувањето на односите помеѓу јавниот и приватниот сектор;
- Информација за Предлог на Законот за трговските друштва;
- Иницијатива за пензискиот систем во РС Македонија;


СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

**28.6.2023 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА Е СЕРВИС НА БИЗНИСОТ, па вработените во приватниот сектор нема да бидат нејзини заложници**

За да не се дозволи повторен економски шок кај компаниите и кај нејзините вработени, кои се главниот носител на македонската економија, а со тоа и главни полначи на државниот буџет, **Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, на седницата одржана на 21.6.2023 година,** во соработка со Здружението на финансиски организации при СКСМ и со Македонската банкарска асоцијација – МБА, **донесе заклучок со конкретни решенија и препорака** во однос на најавениот штрајк од вработените во Управата за јавни приходи и на нивната најава за блокада на исплатата на платите на сите стопански и други претпријатија.

1. Не навлегувајќи воопшто во оправданоста на барањата на вработените во Управата за јавни приходи, укажуваме дека тоа е спор меѓу Владата и вработените во органите во нејзин состав и затоа целосно е недозволиво и неприфатливо вработените во УЈП, организирани преку Синдикалната организација, да се закануваат со некакви блокади за исплата на платите на стопанските субјекти и на нивните вработени. Такви закани и мерки може да си преземат спрема вработените во Владата и спрема нејзините функционери, а не спрема стопанските субјекти и спрема нивните вработени, кои се, всушност, главни полначи на државниот буџет.
2. Во насока на остварување на целите на своето постоење и застапување на заедничките интереси на членовите, во услови кога државната администрација наместо да ја извршува својата основна функција – да биде СЕРВИС ЗА БИЗНИСИТЕ И ЗА ГРАЃАНИТЕ – ги прави нивни заложници, доколку се остварат заканите на вработените во Управата за јавни приходи за блокирање на исплатата на платите преку единствениот централизиран систем за плати под контрола на овој државен орган, **Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Здружението на финансиските организации при СКСМ и со Македонската банкарска асоцијација – МБА, им препорачува на стопанските субјекти да ги заштитат своите вработени со исплата на нето-платите во форма на паричен трансфер, без плаќање социјални придонеси и данокот на личен доход. Плаќањето на социјалните придонеси и на данокот на доход да се изврши по создавањето на механизмите под контрола на Управата за јавни приходи, со анулирање на делот за ефективна нето-плата за износот на претходно исплатените парични**

## Дванаесетта седница на Клуб 100

**07.11.2023**

- Македонската економија во 2024 година-како да се преживее?
- Информација за предлог - иницијативата за интервентно поединечно зголемување над годишно утврдената квота на работни дозволи за увоз на работна сила со барање до Владата на РСМ;
- Информација за добиена Иницијатива за измена на Договорот за избегнување на двојното оданочување меѓу Северна Македонија и Албанија до СКСМ, со предлог за проширување на опфатот во рамки на земјите од Западен Балкан;
- Информација во однос на иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија за преиспитување на уставноста на Законот за данок за солидарност;

## Тринаесетта седница на Клуб 100

**22.12.2023**





- Информација во однос на иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија за преиспитување на уставноста на Законот за данок за солидарност;
- Информација за Предлог на Законот за трговските друштва;
- Програма за работа на Стопанската комора во 2024 година и Финансиски извештај од работењето во 2023 година;
- Информација за надлежностите на Владата и Собранието на РСМ за време на техничкиот период јануари-април 2024 година;
- Закон за субвенционирање на социјални придонеси;

# КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во 2023 година во Кабинетот на претседателот на Комората започна да делува тим од советници, чии активности главно се однесуваат на градење стратегии, правење анализи и истражувања на високо професионално ниво, поврзани со најзначајните актуелни, но и долгорочно важни прашања за приватниот бизнис сектор (прашања поврзани со економскиот амбиент во кој работат компаниите членки, со економскиот развој и развојот на бизнис секторот, прашања поврзани со водечките глобални трендови во светот на бизнисот – „зелената“ агенда, дигитализацијата, итн).

Формиран е Совет за ЕУ интеграции, Совет за правни прашања во Комората, но и серија други форми преку кои, фокусот целосно се стави на иницирање активности од исклучително значење за бизнисот:

1. Предлагање мерки за поттикнување на производството и извозот;
2. Спроведување проекти за регионална соработка;
3. Креирање правни и специјализирани секторски експертски тимови заради целосна вклученост во процесот на консултација на Коморите и разните стопански сектори при донесување или менување на прописите, како и заради вклученост во постапките за усогласување на македонското со европското законодавство, придонес во подобрување на состојбите во администрацијата и правосудството;
4. Директно учество во процесот на процена на влијанието на регулативата (ПВР), каде што како засегната страна била идентификувана и бизнис-заедницата, и активна вклученост кога ќе се појави потреба за реакција до Уставниот суд, претседателот на државата и сите државни институции кои можат да влијаат на процесите на создавање квалитетна и постојана регулатива, а со тоа и гарантирање на правната сигурност.
5. Подготовка на научно-истражувачки анализи, како основа од каде што треба да се појде при градењето на стратегиите и дефинирањето на чекорите за натамошно придвижување напред, на економски план.

Во Кабинетот се веќе систематизирани активностите поврзани со односите со јавност, како и протоколарните активности.

# КОЛУМНИ, СТАВОВИ И АКТИВНОСТИ
# НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ

**30.1.2023**

**ПЕТ ПРАШАЊА ДО ВЛАДАТА ПО ПОВОД ГОДИШНИНАТА**

1. Започнавме со спротивставени мислења околу Законот за работни односи, со кој недела се прогласува за неработен ден. Завршивме на Уставен суд. Во образложението на решението со кое се отфрла нашата иницијатива, а кое, впрочем, го добивме година дена по поднесувањето на иницијативата, Уставниот суд елаборираше дека една од причините е тоа дека здравјето на луѓето е определувачко за да не се прифати иницијативата. На тоа, впрочем, не се повикува ниту законското решение, плус еден куп исклучоци кои покажуваат дека здравјето на тие луѓе не е важно. Зарем ова не и пречи на Владата во градењето правна држава да мора да биде одбранета и со вака нелогични квалификации?!
2. Согласни сме околу барањето да ги зголемиме квотите за увоз на работна сила. Но имаме едно просто прашање: што е со нашите вундеркиндзи кои ги испративме на државна сметка на најпрестижните универзитети, а кои никако да се вратат и да и помогнат на државата. Каде се тие сега и за што се потрошени 150 милиони денари годишно, т. е. 1,5 милијарди денари за 10 години? Па нели заеднички на сите ни е обврската да ги зголемиме продуктивноста и конкурентноста ако сакаме економски развој!? Некој ќе рече дека увозот на работна сила подразбира дреари, тесари, заварувачи, но не е лошо да се провери бројката на издадени дозволи за странски менаџери, а потоа да се објави како стојат работите на овој план.
3. Постои ли во оваа држава поим ОДГОВОРНОСТ за доцнењето на инфраструктурните проекти? Сигурен сум дека во овие изминати 50-ина година потрошените пари за одржување на планинските превои ќе исфинансираа тунели низ целата држава, а да не зборувам за тешкотиите што ги имаат камионџиите кои превезуваат стока за бизнисот и за жртвите и опасностите кои демнеат на секој чекор.
4. Нели се договоривме за даночен календар заради предвидливост на билансите на компаниите?! Ако се договоривме, тогаш треба да го почитуваме тоа. Ние не сме сами за себе, тука имаме и 200 странски компании и многу други странски капитални инвестиции за кои ова е нормална работа.
5. Бидејќи од минатата година почнавме да славиме годишнини, немојте оваа година да прославуваме 12 години од иницијативата за промена на член 218 од Законот за извршување или 10 години од иницијативата за воведување холдинг-друштва или 7 години од иницијативата за зголемување на контролниот праг за преземање акционерски друштва или 5 години од барањето за промена на

методологијата за пресметка на придонесите за пензиско-инвалидско осигурување. Донесете ги прво овие закони, па потоа, непочитувајќи го даночниот календар, предлагајте нови закони.
П.С. Имавме и имаме успешни заеднички проекти: зголемување на конкурентноста со ревидирање на царинските стоки; зголемување на финансиската поддршка за компаниите кои инвестираат и кои воведуваат иновации; допрецизирање на листата за непризнавање трошоци за даночни цели на данокот на добивка; овозможување доброволно регистрирање ДДВ во кој било период од годината, како и навремено враќање на ДДВ. Овде може да се споменат и соработката во решавањето на проблемите произлезени од енергетската криза, регионалните иницијативи, како и беспоговорната комуникација на сите нивоа, што значи дека Владата секогаш беше отворена за соработка. Не дека ние не знаеме оти Владата е одговорна за целокупниот живот во државата, но во тоа миље бизнисот мора да има посебно место поради бројките, приходите и поради кохезивноста во своето работење. Владата е наш партнер и овие прашања ги поставуваме најдобронамерно, без никакви калкулации, зашто само во услови на консензус може да се најде излез од кризите и да се постигнат позитивни економски резултати.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110570

**02.2.2023**

**Азески на седница на УО на Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (КИФ)**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески денеска, преку конференциска врска, учествуваше на седницата на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (КИФ), што се одржа во просториите на Стопанската комора на Црна Гора во Подгорица.
На седницата, претседателите на шесте стопански комори од регионот и членови на КИФ (Стопанската комора на Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово) дискутираа за стратешките документи за работа на КИФ кои се поврзани со инвестициските политики во регионот на Западен Балкан, како и за потенцијалите за зголемување на атрактивноста на регионот како инвестициска дестинација.
Во таа насока, на седницата се расправаше за планираните активности кои оваа година ќе бидат насочени кон подобрување на конкурентноста на компаниите во регионот за водење на бизнис на единствениот пазар на ЕУ и на трети пазари, полесен пристап до програмите и фондовите на ЕУ, подобрување на законската рамка за водење на бизниси, намалување на даночните и на неданочните обврски на компаниите, хармонизација на образовниот систем со реалните потреби на пазарот на труд, како и за дигиталната трансформација.
Коморскиот инвестициски форум, со седиште во Трст е институција основана во 2015 година во рамките на Берлинскиот процес инициран од канцеларката Ангела Меркел, и претставува глас на приватниот сектор од регионот, застапувајќи 350.000 компании од подрачјето на Западен Балкан.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110577

**20.2.2023**

## ИМА ЛИ КОХЕЗИЈА ДА СЕ ПРЕСЕЧЕ МАКЕДОНСКИОТ ГОРДИЕВ ЈАЗОЛ?

**Декларацијата на Комората објавена на денот на стогодишнината и Стратегијата за развој 2022-2042 се почетната основа за разрешување на ова круцијално прашање- постигнување договор помеѓу приватниот и јавниот сектор за изнаоѓање консензус и утврдување приоритети.**

Гледајќи ја актуелната економска ситуација во земјава, како во учебник можат да се издиференцираат неколку работи:

**Прво,** големите очекувања на бизнисот дека во текот на зимата ќе заврши украинската криза дефинитивно исчезнаа;

**Второ,** големите очекувања на бинзисот дека регионалните иницијативи и политики ќе дадат резултат дефинитивно исчезнаа;

**Трето,** големите очекувања на бизнисот дека на домашен план ќе се постигне консензус околу главните економски приоритети како да спласнуваат.

Високите бројки на економските прогнози веројатно го покриваат претходно кажаното. И сега, просто и едноставно, ако некој бизнисмен излезе и јавно прозбори за ситуацијата, тоа ќе биде како со крпа избришано, со цитирањата на очекуваните прогнози на странските финансиски институции и домашните предвидувања за растот на БДП, инвестиционата активност и извозот. Нели во животот најтешко е кога не можеш да најдеш зборови со кои ќе ја поткрепиш својата теза. Се нешто ти недостасува за формулациите да бидат јасни, прецизни и разбирливи. Ете, тоа нам бизнисмените ни се случува деновиве.

Минхенската безбедносна конференција, го собра целиот светски крем на едно место, наспроти нерешавањето на украинскиот конфликт, кој претставува извор на светската нестабилност и економската предвидливост ја сведува на теорија. Војната може да трае и со децении, но светот не се откажува од конференциите и институциите кои треба да ги превенираат кризите туку упорно ги претставува како локации каде нешто се случува. Не е важно да се реши украинскиот конфликт, важно е да се биде на Минхенската конференција, бидејќи ако таму не си виден, си никој и ништо во меѓународните односи.

„Копаоник бизнис форумот“, наспроти се поизвесниот судир од Северот на Косово околу "табличките" - Не е важно како ќе се превенира тој судир. Важно е да се биде на „Копаоник бизнис форумот“, со можност покрај форумот, да се искористи времето и за скијање.

Па и ние да не сме подалеку од другите, цела година се "туркаме" кој ќе биде панелист на некаква трибина со бомбастичен наслов, наместо да ги решаваме проблемите.

Какво е размислувањето на секој бизнисмен во Македонија? Неизвесноста ги убива. Економските прогнози ги иритираат. Можниот раст на инфлацијата ги вознемирува. Честото менување на законската регулатива ги докрајчува. Може ли во таква ситуација да се мисли на развојот и инвестициите? Во исто време те растрчуваат од лево на десно, напред- назад, кон промени на Законот за работни односи, регулативата за одобрување на работни дозволи, солидарниот данок, двојазични декларации, ограничени маржи, и сето тоа зачинето со блокади на Собранието, кое како да стана нациионална дисциплина.

Значи, наместо да се насочиме кон зголемување на извозот, продуктивноста и додадената вредност, ние трчаме од крај на крај да спречиме донесување на решенија кои само ја усложнуваат позицијата на бизнисот. Додека тоа го правиме, „меѓу нозе“ ни поминува експресниот воз кој со брзина од 30 км/час не носи кон напредните технологии и развојот кој самошто не пристигнал.

**И на крајот, нормално секој ќе постави прашање: Каде е излезот? Излезот е во консензусот и приоритетите.** Но, тоа има огромно влијание врз позициите и рејтингот на политичките партии, а тоа пак директно влијае на желбата да се утврдат приоритетите и да се изгради консензусот. Значи, нешто

како гордиев јазол. Епа еве шанса по втор пат да се појави некој што ќе го пресече Гордиевиот јазол, ама нема да се вика Александар Македонски. И ако за разрешување на нашиот затворен круг е потребен консензус и приоритет, тоа е подобрување на сите сегменти на владеењето на правото, а и пазарните законитости.

Оваа констатација изнесена илјада пати досега, како да не може да исплива на површина, а најтрагично е тоа што и ние самите бизнисмени не можеме да се доискажеме за да може секој да не сфати што зборуваме.

П.С. Ние бизнисмените имаме еден избор. Тоа е упорноста, упорноста и упорноста. Друг избор немаме, зашто следејќи ги прогнозите за економскиот раст на државата во текот на идната година, сигурни сме само во едно – дека тој неколку пати ќе биде ревидиран. А тоа значи тапкање во место.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110601

**20.2.2023**

**"СЕ ЗАГРЕВА КОМОРСКАТА МАШИНЕРИЈА - ПРЕТСТОИ ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК"**

**I.**

Декември 2007 пред 15 години јасно и јавно истакнати нашите барања. За жал, се`уште нереализирани.




1. Сивата економија ако и понатаму опстојува ќе не комплексира и нас и вас како неуспешни субјекти кој го напуштаат теренот со наведнати глави.

2. Застојот на гасификацијата во РС Македонија ќе биде доказ дека на Балканот постои слепо црево за заедничкиот европски организам што исто така не е добро за никого.

3. Г-дине Премиере, најдете го излезот на волшебниот круг на партизацијата ана државната администрација, која и натаму ја фрустрира целата наша држава.

**Годишна средба на бизнисот со Владата - обраќање**






Комората секогаш однапред нуди решенија за проблемите што следуваат. Така и минатата недела МЕА излезе со решение за очекуваните проблеми со фотоволтаиците.





Минатата недела министерот за економија Бектеши беше во Комората во врска со енергетиката, а оваа недела ќе биде во врска со извозот.



Во среда (22.2.2023 година на гости ми доаѓа новиот претседател на КИФ, Лулзим Рафуна, кој наедно е и претседател на косовската Комора, на размена на мислења за актуелните регионални прашања.



Болничката соба во Истанбул беше претворена и во работен кабинет. Од тука преку Webex ги водев и разговорите и состаноците и арбитражните постапки и колегиумите.




Потпретседателот на СКСМ Виктор Мизо на мојот 61. роденден, кој го одбележавме скромно, со една преубава торта и чаша црвено вино.



Моите белградски другари д-р Димитар Гелев, редовен професор на Правниот факултет; Бранко Греганович, прв човек на НЛБ Скопје, и амбасадорот Јон Ивановски.




БРАНКО - духот на Белград е познат бренд и во трговијата, но и во секојдневниот живот.

Бранко Пешиќ, Бранко Крсмановиќ, Бранко Чопиќ, Бранко Миличевиќ итн. итн.



За жал, овие денови физички не напуштија двајца значајни бизнисмени, поддржувачи на СКСМ: Гоце Камчев и Јово Панајотовиќ. На насловната страница на Монографијата издадена по повод 100-годишнината на Комората. Гоце Камчев сопственик на „КАМ“ Холдинг и Јово Панајотовиќ бивш генерален директор на МЗТ и министер во сојузната влада на СФРЈ.

## II.

**Многу работи во државата се`уште не се на линија на потребите на бизнисот, но ние во инетерс на бизнисот работиме ...**




Минатонеделното интервју за "Блумберг" предизвика многу контроверзии околу солидарниот данок. Во Собранието се очекува жестока дебата.






**Изјави на претседателот Азески и на Стопанската комора кои го одбележаа периодот од Нова година наваму.**

































Кога кажувам дека се загрева Коморската машинерија мислам на активностите кои секојдневно се најавуваат. Ни претстои сериозна расправа по ЗРО (законот за работни односи), но и една низа на промовирање нови форми и содржини во нашето работење.

- Целосно отворање на прашањето за инфраструктурата на еден сосема подруг начин;
- Востановување на практика на поканување месечен гостин на СКСМ кој ќе зборува на актуелна тема, ќе биде емитувана првата наша телевизиска дебата во сопствена продукција;
- Ќе биде претставен новиот концепт за искористување на кадровскиот потенцијал на Комората и првиот центар за изработка на економски анализи, истражувања, стратегии, мислења итн.
- На крајот на месец март 2023 година во Скопје, во организација на Стопанската коморак, КИФ ќе одржи манифестација на избор на најдобрите компании на Западен Балкан а во рамките на проектот на УСАИД ќе се одржи регионална конференција на тема „Doing business in the Western Balkan region“;
- Најавени се посети на американски бизнисмени, состаноци со ММФ и Светска Банка, продолжуваат и активностите во делот на образованието, туризмот итн.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110602

**22.2.2023**

**Средба Азески – Рафуна: Зголемување на конкурентноста на компаниите за водење на бизнис на единствениот пазар на ЕУ важен приоритет на Коморскиот инвестициски форум**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески денеска имаше работна средба со делегација од Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (КИФ), предводена од новиот претседател Лулзим Рафуна.

На средбата стана збор за планираните активноси на КИФ кои оваа година ќе бидат насочени кон подобрување на конкурентноста на компаниите во регионот за водење на бизнис на единствениот пазар на ЕУ и на трети пазари, подобрување на законската рамка за водење на бизниси, намалување на даночните и на неданочните обврски на компаниите, полесен пристап до програмите и фондовите на ЕУ, хармонизација на образованиот систем со реалните потреби на пазарот на труд, како и за дигиталната трансформација.

Зборувајќи за предложените активности кои треба да ја зголемат атрактивноста на регионот како инвестициска дестинација, претседателот Азески истакна дека од клучно значење ќе биде и следниот состанок на Бизнис Платформата ЕУ-Западен Балкан што ќе се одржи на 30 март во Скопје. Ваквиот дијалог ќе придонесе за расчистување на административните, регулативните и техничките прашања релевантни за компаниите од регионот на Западен Балкан, но и ќе помогне приватниот сектор од регионот подобро да го разбере функционирањето на единствениот пазар на ЕУ кон кој компаниите ќе треба да го приспособат своето работење.

Присутните се согласија дека состанокот на Бизнис Платформата ЕУ-Западен Балкан ќе обезбеди структуриран и континуиран дијалог помеѓу бизнис заедницата од регионот на Западен Балкан, претставена преку Бизнис Советот на Коморскиот инвестициски форум и креаторите на политики од Европската Унија.

На настанот, што ќе се одржи следниот месец во Скопје, високи претставници од Европската Унија и различните директорати, регионалните институции кои работат на економската агенда во регионот и претставници на бизнис-секторот ќе дискутираат и за прашањата кои се клучни за приватниот сектор од аспект на унапредување на интра-регионалната соработка.

Коморскиот инвестициски форум, со седиште во Трст е институција основана во 2015 година во рамките на Берлинскиот процес инициран од канцеларката Ангела Меркел, и претставува глас на приватниот сектор од регионот, застапувајќи 350.000 компании од подрачјето на Западен Балкан.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110604

**17.3.2023**

**МОЖЕ ЛИ ОХРИД ДА СТАВИ ТОЧКА НА СРПСКО-КОСОВСКОТО ПРАШАЊЕ?**

Има едно прашање што повеќе од 40 години се движи околу мене и јас околу него и никако да се реши. Тоа прашање има различни називи, но два постојани субјекти: Косово и Србија. Утре во мојот роден град Охрид ќе се случи една средба, на која се очекува тоа прашање и да започне да се разрешува. Претседателот на Србија, Александар Вучиќ, и косовскиот премиер, Албин Курти, преговараат за конечно разрешување на најгорливиот балкански проблем.

Суштински за мене тоа прашање се отвори на 11 март 1981 година. Тогаш во Приштина започнаа големи студентски демонстрации и рефлексијата на нив доведе до тоа првпат во животот на јавно место да видам полицаец со автоматска пушка и со необични фигури од полициска коњаница, што веднаш укажуваше на комплицирање на ситуацијата. Продолжи во 1987 година со случувањата во Трепча („Трепча ради, Белград се гради“) и со осмата седница на Српската партија, која ги закомплицира работите до крај, а кулминацијата се случи на Газиместан во 1989 година. Бидејќи јас во тоа време бев претседател на Младинската и на Студентската организација, а Косово и Србија беа нејзини членови, се најдов во вртлогот на случувањата. Но мојата врска со тој проблем не заврши тука. Бизнисот и учеството во регионалните бизнис-организации беа врската со тој проблем и во наредните години. Во 2015 година претседателот на српската и на косовската Комора, заедно со мене, беа основачи на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), чиј почеток беше договорен во истите државни резиденции каде што утре ќе се одржат преговорите, но пристапот беше поинаков. Првите преговори меѓу Србија и Косово започнаа во Брисел меѓу Марко Чадеж, претседателот на српската Комора, и Сафет Ѓерѓалиу, претседателот на косовската Комора. Оттогаш до денес тоа прашање е доминантно во работата на КИФ, иако го продолжија политичките елити, а ние го презедовме делот за рушење на пречките во бизнисот, на што работиме и денес.

Зошто е ова важно? Според мене, бидејќи само бизнисот е единствениот кохезиски фактор на Балканот и бидејќи, доколку се разреши ова прашање во наредниот период, ќе отвори голем простор за економски напредок на сиот Западен Балкан. Ние, како лидери на најголемите бизнис-асоцијации, имаме историска одговорност преку развој на бизнисот да помогнеме во сиот процес и на тој начин да донесеме придобивки како за компаниите така и за граѓаните. Македонската Стопанска комора имаше огромно значење во досегашниот период на воспоставување, поддржување и на развивање на бизнис-дијалогот меѓу Косово и Србија. Марко Чадеж, претседателот на српската Комора, ќе напише дека почетната недоверба во прилично смелата идеја „Еден регион – една економија“, изразена преку коморското заедништво во регионот, денес е уважувана како од бизнисмените и од политичарите од регионот така и од Брисел и од Вашингтон, со што е кажано сè.

И така, српско-косовското прашање до денес е дел од мојот живот. Најискрено сакам тој проблем да се реши утре во Охрид, меѓутоа моето искуство зборува дека се можни секакви сценарија, но нашето коморско сценарио е едно – упорност, упорност и само упорност; да се истрае во решавањето на проблемите кои го кочат бизнисот – друго решение не постои.

П.С. Ние во КИФ се чувствуваме како дел од овој процес, кој треба да отвори нови перспективи, па затоа ги повикуваме сите чинители, секој колку може да придонесе во овој процес, кој е од добробит за сите нас. Секој паметен човек ќе рече „ама поминаа 40 години, дадовме многу жртви кои не се враќаат“. Токму затоа примерот што го опишав нека биде поука. Факторот време е битна компонента во сè, а најмногу во бизнисот.

**https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110629**

**28.3.2023**

**Азески именуваше олеснувачи на преговорите меѓу Србија и Косово за надминување на административните бариери кои го кочат бизнисот**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески ги именуваше своите советници од кабинетот д-р Елена Милевска Штрбевска и Јадранка Аризанковска за модератори и олеснувачи на преговарачкиот процес за надминување на административните бариери во економската соработка меѓу Србија и Косово, што ќе се одвиваат меѓу тимови од стопанските комори на двете земји.

Првиот состанок ќе се одржи во четврток, на 30.03.2023 година во Скопје и ќе се одвива во утврдена динамика, со цел што побрзо разрешување на сите спорни прашања поврзани со административните бариери кои ја кочат економската соработка меѓу овие две земји.

Веќе 12 години се одвива дијалогот Белград – Приштнина, со посредство на Европската унија, во кој на политички план сè уште не се постигнати значителни резултати.

Од прогласувањето на независноста на Косово, во 2008 година, помеѓу двете земји постојат различни предизвици во однос на економската размена, имајќи предвид дека официјален Белград не ги признава документите кои ги издаваат косовските институции, како на пример сертификатите за потекло на производите од Косово. Усогласувањето на спорните прашања во трговската соработка меѓу Србија и Косово е исклучително важно економско, но и политичко прашање, од причина што тоа може да доведе до нормализација на односите помеѓу овие две земји, како нов исчекор во децениските тензични односи. Постојат и веќе потпишани договори кои треба да обезбедат основа и инструменти за значајно подобрување на конкурентноста, економската кохезија и поврзаноста на целиот регион на Западен Балкан. Од тие причини и Стопанската комора на Северна Македонија, како активен учесник во процесите на унапредување на регионалната соработка, посветено се вклучи и во овој процес чии придобивки би значеле и поттикнување на креативниот, економскиот и научниот потенцијал на регионот во целина.

За да се елиминираат сите недостатоци кои се јавуваат во трговската размена, сега е вистинско време да се повлечат мудри потези, во насока на интензивирање на регионалната интеграција и трговската соработка, што ќе обезбеди економски просперитет на двете земји, но и на Западен Балкан во целина. Затоа, за почеток е потребно отстранување на сите административни бариери и создавање услови за подобрување на економската соработка, доколку сакаме странските партнери и меѓународните институции да гледаат на регионот како просперитетен иден политички и економски партнер.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110644

**29.3.2023**

**КОМОРАТА ОВАА НЕДЕЛА ДОМАЌИН НА НАЈУСПЕШНИТЕ ФИРМИ ВО РЕГИОНОТ**



**Се очекува приватниот сектор на Балканот да упати порака со која дефинитивно зборот разумен компромис ќе го замени со синтагмата нема веќе отстапки чии сметки ќе ги плаќа бизнисот**

1. Турбо активностите на Комората во изминатиот месец продолжуваат. Се добива впечаток дека Комората се позиционира пред значајните настани кои следуваат. Тоа значи дека од под тепих се вадат суштинските прашања и со нив се отвора дебата. Започнавме со инфраструктурата како основна темелна база која треба да биде крвоток на секоја економија. Бизнисот би бележел подобри резултати ако реализацијата и динамиката на инфраструктурата е во зацртаните временски рамки.

Исто така, Месечното обраќање на актуелна тема како нов продукт во Комората, го отвори прашањето над сите прашања КАКВА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА САКАМЕ? Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство одржа работна средба со економскиот тим на Владата, а имавме и неколку значајни настапи во медиумите со што на некој начин се отвори периодот на суштински прашања без кои нема економски развој.

Неколкуте бизнис средби со бизнисмени од други држави, го одржаа темпото на регионалната и меѓународна соработка.

2. Оваа недела започнуваме како домаќини на австриската бизнис делегација која е во придружба на претседателот на Австрија. Продолжуваме со Управниот одбор на КИФ и доделување на наградите за најуспешните компании во регионот за минатата 2022 година. Тука е и работната средба на бизнис советот на КИФ во која седат по неколкуте најуспешни бизнисмени од секоја земја на западен Балкан, кои ќе расправаат за продлабочување на регионалната соработка.

Во исто време во рамките на проектот на УСАИД на истата тема ќе разговараат стотина бизнисмени од регионот.

Во петок, ќе има состанок Платформата за јавен-приватен дијалог каде ќе се анализира спроведувањето на неколку закони, а ние ќе го покренеме прашањето за таквата анализа околу Законот за недела неработен ден.

3. Наредниот месец со сериозна дебата ќе ја отвориме ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС И ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ И ПОЛИТИКИ. Ќе ја објавиме анкетата за загубите кои ги претрпеа нашите членки во енергетската криза, а на крајот на месецот Управниот одбор на Комората заедно со Македонската енергетска асоцијација ќе го анализира работењето на енергетскиот систем во минатава сезона, но и навреме ќе програмира работење околу подготовките на новата енергетска сезона 2023/24. Сето ова зборува за серизноста на темите што одговараат на сериозноста на моментот, затоа што ние не сме ноеви кои ја пикаат главата во песок, туку активен субјект во креирањето на економските политики.

П.С. Активирањето на коморскиот механизам е доволен доказ дека Комората како институција е оспособена да даде свој придонес во актуелната економска ситуација, но и дека е подготвена да одговори на сите предизвици кои стојат пред нас. Ние тоа до сега го докажавме на дело и со здравствената криза (вакцинирањето), енергетската криза, но и сите други кризи кои започнаа од 2008 година.

Ви гарантирам дека капацитетот, човечките ресурси и нашата волја се на највисоко ниво затоа што друга алтернатива немаме освен да се бориме во услови во кои нема место за компромис и чекање, што значи висока транспарентност, критичност кон функционирањето на јавниот сектор и истрајност на нашите барања. Или што би рекол народот, доста беше културен дијалог време е да се престане да се прават отстапки на сметка на бизнисот.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110645

**30.3.2023**

**Бизнис Платформата ЕУ-Западен Балкан на едно место во Скопје ги собра бизнисите од регионот и креаторите на политики од ЕУ**



Бизнис Платформата ЕУ-Западен Балкан денеска на едно место во Скопје ги собра бизнис заедницата од регионот, претставена преку Бизнис Советот на Коморскиот инвестициски форум и креаторите на политики од Европската Унија.

На настанот учествуваа високи претставници од Европската Унија и различните директорати, регионалните институции кои работат на економската агенда во регионот и претставници на бизнис-секторот кои дискутираа за клучни прашања од аспект на унапредување на интра-регионалната соработка, но и подобро подготвување на компаниите од регионот да се приклучат кон единствениот пазар на ЕУ.
Бранко Азески, ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум и претседател на Стопанската комора на Северна Македонија изјави дека ваквиот дијалог ќе придонесе за расчистување на административните, регулативните и техничките прашања кои се важни за компаниите од регионот на Западен Балкан, но и ќе придонесе приватниот сектор од регионот подобро да го разбере функционирањето на единствениот пазар на ЕУ кон кој компаниите ќе треба да го приспособат своето работење.
„Работиме на проектни активности кои се врзани за четири значајни работи, а тоа се: подобрување на инфраструктурата, решавање на бариерите кои што постојат за да го убрзаме протокот на стоки и услуги, да направиме заедничка авиокомпанија која ќе не поврзе, зашто денеска за да одиме во Сараево треба да летаме преку Истанбул или Виена, а тоа не е добра препорака за ништо, а најмалку за бизнисот. И да ги решиме прашањата кои се врзани за сертификационите тела и документи што ќе го забрзаат исто така, протокот на стоки и услуги“, изјави Азески.
Претседателот на Коморскиот инвестициски форум, кој истовремено е и претседател на Стопанската комора на Косово Лулзим Рафуна истакна дека од исклучително голема важност е зајакнување на соработката на бизнис секторот од земјите од Западен Балкан и Европската Комисија.
„Тука сме за да ги подготвиме бизнисите за пазарот на Европската унија. Задоволен сум што КИФ има завршено одлична работа во изминатиот период и имам позитивен став за сите работи кои што ќе се случуваат во иднина, заедно со господинот Азески, зашто ја имаме поддршката од сите засегна страни, како и од донаторите. Нашата работа е всушност да бидеме мост и помош за бизнисите при процесот на дигитализацијата, зелената агенда и останатите можни предизвици кои што ги носи членоството во ЕУ. Кога сме тука собрани и соединети, ќе ја искористиме оваа можност Стопанската комора на Србија

и Стопанската комора на Косово во еден заеднички дијалог да ги надминеме бариерите кои што ги имаме меѓу овие две земји„, истакна Рафуна.
Во рамки на настаните кои КИФ  ги организираше во Скопје овие два дена се одржа и седница на Управниот одбор на КИФ на кој што Татјана Штерјова Душковска беше реизбрана за уште еден мандат на позицијата генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110651

**03.4.2023**

**АЗЕСКИ УПАТИ ЧЕСТИТКИ ДО ТАТЈАНА ШТЕРЈОВА ДУШКОВСКА ПО ПОВОД РЕИЗБОРОТ ЗА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА КИФ**



Менаџментот на Стопанската комора на Северна Македонија, предводен од претседателот Бранко Азески денеска имаше средба со д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), која минатата недела беше реизбрана за уште еден мандат на позицијата.

На состанокот претседателот Азески ѝ честиташе на Штерјова Душковска за реизборот и ѝ посака успех во извршувањето на оваа функција во следните две години. Азески изрази уверување дека соработката со КИФ, каде членуваат шесте стопански комори од регионот (Стопанската комора на Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово), ќе продолжи да се зацврстува и во наредниот период и со заеднички напори успешно ќе се справат со предизвиците со кои се соочува бизнис секторот во земјите од Западен Балкан.
Д-р Татјана Штерјова Душковска е генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, од март 2021 година. Има десетгодишно работно искуство во Стопанската комора на Северна Македонија, на различни позиции. Образованието го стекнала на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, каде дипломирала во 2005 година, магистрирала во 2010 година, и докторирала во 2017 година, во областа на граѓанското процесно право. Учествувала на десетици меѓународни конференции, семинари и работилници и е автор на 17 научни трудови, како и на 5 публикации.
Во изминатите две години Штерјова Душковска ја предводеше работата на Секретаријатот на Коморскиот инвестициски форум со седиште во Трст, асоцијација на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан, која претставува 350.000 компании од регионот и обезбедува вклучување на приватниот сектор во спроведувањето на регионалната економска агенда на Западен Балкан, преку имплементација на Акцискиот план за Заеднички регионален пазар, кој треба да придонесе за обезбедување на слободниот проток на стоки и услуги, лица и капитал во регионот, но и зајакнување на соработката на полето на дигитализацијата, индустријата и иновациите.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110657

**06.4.2023**

**Азески на средба со грчката амбасадорка Филипиду: Инфраструктурата во целиот регион е клучна за бизнис секторот**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески денеска оствари средба со амбасадорката на Република Грција Н.Е. Софија Филипиду. На работниот состанок учествуваа и извршниот директор на Комората, Антони Пешев, како и оперативната директорка Билјана Пеева Ѓуриќ.

Во фокусот на разговорот беше економската соработка помеѓу двете земји, но и пошироко во целиот регион, со акцент на инфраструктурата која е клучна за бизнис секторот.

Претседателот Азески ја искористи можноста да потенцира дека за стопанството е важно да се зголеми протокот преку железницата и солунското пристаниште, да има редовни авионски линии со Република Грција, а енергетската криза покажа и дека во функција треба да се стави нафтоводот Скопје-Солун, кој со години не работи.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110659

**07.4.2023**

**Азески на средба со наградените компании од КИФ: Македонските компании се препознаваат во регионот како добра формула за успех**



„Чест е што македонските компании се препознаваат во регионот како добра формула за успех. Тоа значи дека нивната вредност расте додека бизнис стратегијата успешно ја адаптираат на светот кој се менува со голема брзина“ - со овие зборови претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески денеска во својот кабинет им ги честиташе наградите на претставниците на четирите компании кои добија признанија од Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ) во неколку категории: „Алкалоид“ за водечки инвеститор во регионот, винарска визба „Тиквеш“ за компанија со најголем раст на извозот во регионот за 2022 година, „Макпрогрес“ за дигитален шампион во регионот на Западен Балкан и „Градежен институт Македонија“ - шампион за заштита на животната средина. Наградените се заблагодарија на признанијата кои се резултат на континуираните напори и активности компаниите да ги подобрат своите перформанси и да излезат од границите на земјата.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110661

**18.4.2023**

**Обраќање на претседателот на СКСМ Бранко Азески до вработените во Кабинетот и во Стручната служба на СКСМ**

Почитувани соработници,

Честитајќи ви ги празниците што поминаа и оние што доаѓаат, чувствувам потреба да ве информирам за некои работи кои беа разгледувани на седниците на Собранието, на Управниот и на Надзорниот одбор, кои се одржаа во текот на изминатата недела. Општ е впечатокот дека состојбата во економијата и меѓу нашите членки е сериозна и непредвидлива и токму поради тоа мораше да се донесат определени одлуки кои ќе ги престигнат настаните кои ги очекуваме, а кои може да имаат директно влијание врз нашата позиција.

1. Во услови на нестабилна политичка ситуација во земјава, тензична ситуација во регионот и на крајно комплицирана ситуација на меѓународен план, потребно е да ги стегнеме нашите редови за да можеме поцврсто да ги пречекаме ударите кои, веројатно, ќе следуваат. Поради тоа Собранието е засилено со 16 нови членови, кои доаѓаат од компании кои се наши верни членки во изминатите децении. Извршени се промени и во Уравниот одбор, така што петмина членови и двајца потпретседатели ги напуштија своите места, а на нивните места се именувани докажани професионалци, кои, исто така, ќе помогнат во претстојните соочувања со реалноста. По започнувањето со работа на Кабинетот на претседателот именувани се и тројца надворешни советници, кои ќе помагаат во конципирањето на стратегиите, во регионалните прашања и во мерките за поддршка на извозот и на индустријата. Сменети се и претседателите на трите совети, а укинат е едниот од нив, за да не дојде до преклопување на активностите со изборот на Националниот совет за извоз, кој се конституираше минатиот месец и кој претставува порепрезентативно тело, бидејќи во него седат и претставници на Владата, а со него претседавам јас. Следствено на тоа, ќе дојде до промена и на претседателското место во Советот за странски инвеститори и во Клубот на извозници, на чии челни позиции ќе застанат лица кои директно доаѓаат од производството и од извозот, но, исто така, промени ќе има и на поединечните позиции во Стручната служба, каде што не се оправда довербата на одделни лица.

2. Надзорниот одбор и ревизорот ги известија Собранието и Управниот одбор дека работењето во 2022 година е во согласност со постојните прописи, а остварените резултати одговараат на реалната состојба. Дадени се и насоки до раководството на Комората, кои се преточија во заклучоци на Собранието дека ако дојде до неможност да се остварат планираните резултати во 2023 година, ќе мора платите да се усогласат со резултатите, но поставено е и ограничување дека кај оние лица кои земаат до 35.000 денари нето-плата месечно не може да има нејзино намалување, додека, пак, кај оние со над 35.000 денари ќе има тримесечно намалување во согласност со процентот на неостварување на финансискиот план за 2023 година. Трите органи, вклучувајќи ме и мене, се согласни дека раководството на Комората направи максимални напори преку платите да ги стимулира вработените во оваа тешка ситуација и дека, доколку не се успева во тоа, мора да се постави црвена линија и во примањата и во дисциплината и во професионалноста, но и во волјата на секој од нас да помогне во оваа ситуација. Во текот на кризите неколкупати со вакви обраќања ве предупредував за непрофесионалното однесување и за нивото на одговорност што треба да биде потврдено. Морам да кажам дека тоа не ги даде очекуваните резултати. Комората има Декларација за високи професионални стандарди, која стриктно ќе ја применува и нема да прогледа никому низ прсти. Особено ја нагласувам лојалноста спрема куќата што треба да биде пример кој мора да се следи.

3. Што значат конкретно овие одлуки? Во вакви услови (кризни) нормално е од вработените да се очекува зголемување на својата лојалност, професионалност и посветеност. Раководството на Комората направи сè и во услови на такви кризи да не се наруши финансиската стабилност, да ги заштити животите и здравјето на своите вработени и да им помогне што полесно да ги пребродат

кризите. Само да напоменам дека долго време се работеше од дома, дека долго време се работи со скратено работно време, дека се редуцираа заедничките патувања на вработените, дека платите не задоцнија ниту еден ден, ниту се намалија, дека беше дадена финансиска помош за вработените при справувањето со КОВИД 19, а и дека казнувањето за сторените пропусти беше заборавено. Нормално е дека сега тоа ќе се промени и ќе се доведе во нормала за да можеме да се справиме со предизвиците кои стојат пред нас. Сакам да ја известам Синдикалната организација, која ми се обрати, дека водам сметка и за нејзините барања и дека, врз основа на насоките на Надзорниот одбор и на Собранието, внимателно ќе го разгледам и нејзиното барање. Но она што посебно сакам да го нагласам е тоа дека Комората мора да продолжи со засилено темпо да го гради концептот Комора на иднината, затоа што без него за неколку години ќе почувствуваме голема празнина што тешко ќе можеме да ја надополниме. Транспарентност гарантирам на повисоко ниво, плати спрема придонесот на секого, стимулации за секоја иновативност, но, исто така, и санкции за што било што е надвор од вообичаените норми на однесување, работење и ниво на одговорност во институција каква што е нашата, затоа што ние не сме само чинител во градењето на економските политики, туку и пример дека она што го критикуваме во јавниот сектор не е присутно кај нас. Ви гарантирам дека толеранцијата на таквите појави ќе биде нула. Малку поконкретно, вие мора да знаете дека сте сервис на членките, кои се алфа и омега на нашето постоење; дека односот спрема нив треба да биде на највисоко професионално ниво; дека вашето информирање, брзата реакција и посветеноста се основа на нашето постоење и дека колку повисоко се наоѓаш на скалата на градацијата толку е поголема твојата одговорност. Вашето однесување во комуникацијата со нив, вашата посветеност да ги решавате нивните проблеми и вашата грижа за одржување на работниот простор каде што работите мора да бидат на највисоко можно ниво, но, исто така, треба да заборавите на вашите непотребни коментари за она што е надвор од нашата надлежност и да му дадете шанса на раководството да покаже дека е најдобро.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110670

**09.5.2023**

**Средба Азески-Рафуна во Приштина: Клучна опасност за економиите во овој момент е инфлацијата и владеење на правото каде сè се удира врз грбот на бизнис секторот**



Инфлацијата, енергетиката, зелената агенда но и новите иницијативи за елиминирање на административните пречки во регионот на Западен Балкан и постепено приклучување на компаниите кон единствениот пазар на ЕУ беа во фокусот на разговорите на денешната средба во Приштина меѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески кој има улога на ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и претседателот на КИФ Лулзим Рафуна, кој истовремено е и претседател на Стопанската комора на Косово.

На работната средба беа отвори праша за билатералната соработка меѓу двете земји, но акцент беше ставен на улогата што ја има КИФ, како асоцијација на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан, која претставува повеќе од 350.000 компании.

„Клучна опасност за економиите во овој момент е прашањето на инфлацијата, посебно увезената инфлација, нефункционирањето на пазарната економија, прашањето за владеење на правото, каде сè се удира врз грбот на бизнис секторот. Затоа од клучна важност е регионалниот пристап и здружувањето. Предлагам во рамки на КИФ, како претставник на приватниот сектор во регионот, да донесеме заедничка декларација, која ќе биде усвоена следниот месец и каде ќе излеземе со конкретни барања кои ќе бидат упатени до сите влади од шестте економии на земјите од Западен Балкан.“, нагласи Азески.
Претседателот на КИФ Рафуна ја прифати иницијативата и на прес-конференцијата пред медиумите изјави дека е посветен на остварувањето на целите во новата стратегија на КИФ кои дефинираат подобрување на регионалната соработка, дигитализација, образование и обука, Зелена агенда на ЕУ.
За компаниите од регионот од клучно значење е и приближувањето кон единствениот пазар на ЕУ, и примената на т.е. „принцип на инклузивно проширување“, кој КИФ го предлага години наназад, а кој би овозможил во определени области, на компаниите од Западен Балкан да им се даде третман како да се дел од внатрешниот пазар на ЕУ. На овој начин, компаниите од регионот ќе можат да ги користат придобивките од економската интеграција со ЕУ и пред формалното завршување на процесот на приклучување кон Европската Унија.
Податоците покажуваат дека во споредба со 2017 година (кога првпат започна да се формализира процесот на регионална економска соработка со усвојувањето на Повеќегодишниот акциски план за регионална економска област во рамки на Берлинскиот процес) трговијата со стоки во регионот пораснала од 5.2 на 6.9 милијарди евра, трговијата со услуги од 2.0 на 2.9 милијарди евра, а интрарегионалните инвестиции од 98.6 на 257 милиони евра, и потврдуваат дека за компаниите од регионот локалните пазари се многу важни, заради блискоста, познавањето на пазарите, но и постојните бизнис релации. Но овој раст на соработката е скромен во споредба со потенцијалите, кога би се реализирала економска интеграција на регионот и спроведување на 4те слободи (слободно движење на стоки, услуги, лица и капитал без препреки низ целиот регион), што би довело до неколкукратно зголемување на стапките на раст за економиите од регионот на Западен Балкан.
**https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110689**

**09.5.2023**

**Само пет проценти од македонските компании извезуваат-промената на оваа состојба е првата задача на Националниот совет за извоз**



Извршните директори на најголемите компании – извозници од земјава и членовите на Националниот совет за извоз предводен од претседателот Бранко Азески денеска одржаа работен состанок во компанија Џонсон Мети.

На едночасовната средба се разговараше за важноста на извозот и проблемите со кои се соочуваат извозно-ориентираните компании и целите кои ги остварува Националниот совет за извоз, новоформирано тело составено од претставници на владини институции и на приватниот сектор. По завршување на состанокот, присутните направија обиколка на фабриката.
Бранко Азески, како претседател на Советот му врачи признание на извршниот директор на Џонсон Мети, Боријан Борозанов за компанија-најголем извозник во македонската економија. Пред присутните новинари изјави дека само пет проценти од македонските компании извезуваат, што е

поразителна бројка. И промената на оваа состојба е првата и основна задача на Националниот совет за извоз. „Ќе ја промениме методологијата во работењето. Доста е од констатации, ќе одиме со конкретни предлози со кои треба да се постигне национален консензус за извозот. Ќе инсистираме на нови предлози. Право да дава предлози ќе има само оној којшто е подготвен да помогне, а не тој што само критикува. На Македонија и е судено, алфа и омега, за нејзиниот опстанокот да биде извозот и мора да поставивме приоритети кои тоа ќе го поддржат. Втора работа е што многу мал број компании во нашата држава се вклучени во синџирите за снабдување на странските инвеститори, а тоа е треба да добие на интензитет“, изјави Азески. Борозанов, извршниот директор на Џонсон Мети, потенцираше дека Националниот совет за извоз ќе има клучна улога и ќе помогне за подобра координација, споделување на најдобрите практики и севкупен раст на националната економија.
„Само преку дијалог и брзи акции може да постигнеме повисоко ниво на извоз, повисока додадена вредност и подобар животен стандард. Минатата година достигнавме важна пресвртница од 120 милиони произведени парчиња. Нашите 1000 членови на тимот се многу горди на фактот дека едно од три возила во Европа има дел кој минал низ наши раце. Едно од три возила во Европа има печат „Made in Macedonia“. Нашите најсовремени производи го намалуваат загадувањето и воздухот го прават почист и поздрав“, вели Борозанов.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110693

**22.5.2023**

**РЕШЕНИЈА!**



1. Од осамостојувањето на земјата пред 31 година, македонската економија оствари раст на Бруто домашниот производ (БДП) од 1,7%. Јавниот долг се зголеми од 23% во 2008 година на 57,5% во првиот квартал годинава. Маневарскиот простор за ново задолжување е стеснет, а државата не успеа да го реформира својот образовен систем спрема потребите на пазарот на труд. Земјата и понатаму е високо зависна од увоз на енергенси и со тоа подложна на силни ценовни удари, без потребната алтернатива.

2. Ваквите неповолни состојби во економијата во значаен дел се должат на нефункционирањето на правната држава, непочитувањето на пазарните законитости, политизацијата и доминација на партиските над државните интереси.
3. Кои се излезните решенија од овие состојби? Еве ние ќе понудиме нешто конкретно. Декларацијата што ја донесовме во Стопанската комора на 14 јули 2022г, а која до сега ја потпишаа над 300 компании членки, МАНУ, сите државни универзитети и сите релевантни бизнис асоцијации, сега да биде прифатена и потпишана и од парламентарните партии кои имаат свои пратенички групи во Собранието. Убедени сме дека на тој начин би се заокружиле сите релевантни чинители во градењето на економските политики кои ќе се согласат дека во наредните 10 години приоритет ќе има економијата. Дека сето ова ќе се спроведе, гаранција ќе биде склучувањето на посебен договор меѓу јавниот и приватниот сектор. Со договорот ќе се регулираат меѓусебните односи со кои, пак, ќе се трасира патот кон првиот консензус за прогрес на државата, во кој бизнисот ќе има централно место. И конечно, наместо општи констатации ќе имаме конкретни носители, утврдени рокови и прецизни правила на игра.

СКСМ се одлучи на ваков предлог ценејќи дека мултиплицирањето на низа проблеми во тесен временски период може да го загрози опстојувањето на бизнисот.
П.С. Во консултациите што ги имавме преовладуваа зборовите: доста констатации-дајте решенија, одговорност и за државата, задржете ги младите, разбудете ги сите во борбата против инфлацијата, барајте лојалност кон државата, Декларацијата на СКСМ е визионерски документ, доста предвремени избори, стоп за популизмот во економските политики, ограничете ја моќта на политиката.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120704

**26.5.2023**

**ДАЛИ БАЛКАНОТ МОЖЕ ДА СТАНЕ СЛЕДЕН ИНВЕСТИЦИСКИ „ХОТ-СПОТ“?**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, беше еден од главните говорници на конференцијата на тема: „Трасирање на патот кон регионален дигитален пакт“, во организација на Дијалогот за лидерство на Југоисточна Европа, што се одржа на 24 и 25 мај 2023 во Солун. На тркалезната маса посветена на темата за дигитална трансформација во ерата на прекугранични инвестиции и економска дипломатија, претседателот Азески, во својот реален пристап кон оваа проблематика, имајќи предвид дека над 30 години го претставува реалниот сектор, истакна дека е потребен заеднички или синхронизиран пристап на економската дипломатија на земјите од регионот, бидејќи тоа ќе придонесе за подобро позиционирање на регионот во целина како Заеднички регионален пазар (CRM), а како заштитен знак на Регионот ќе биде потребно да се брендира како Western Balkan Region trademark – made in Western Balkan со што ќе се позиционира регионот како посебен идентитет.
Втора област која најбрзо можеме да ја поттикнеме е регионалниот пристап за привлекување странски директни инвестиции, посочи Азески. Доколку секоја од земјите на Западен Балкан креира свои програми и политики за СДИ како што е во моментот, тогаш земјите сами си конкурираат, намалувајќи ги даноците и другите давачки, а зголемувајќи ги погодностите и бенифициите за странските дирекни инвеститори. На тој начин сите земји се помалку или повеќе губитници.
„Ако во првата теза за економската дипломатија зборуваме дека реално ниедна од нашите држави не е играч и заради тоа треба сите да се насочиме кон економската дипломатија, во втората теза можам слободно да кажам дека сме најблиску до успешна реализација, затоа што поединечно како држави имаме огромни искуства“, додаде тој.
Секако, кон овие две значајни прашање особено значање во овој процес имаат и следните две прашања:

1. **Регионални ланци на снабдување – Regional value chain**

Регионот на Западен Балкан во целина е мал пазар во споредба со пазарите на ЕУ, а секоја од економиите на национално ниво е уште помала. Неопходно е интегрирани во глобалните ланци како Регион, замјите од Западен Балкан се проценува дека бруто домашниот производ би се зголемил за 1.5 до 2 процентни поени во однос на слобода на движење на луѓе, производи, услуги и капитал. Структурата на команиите од Регионот на Западен Балкан покажува дека имаат исто или слични производствени програми и самите си конкурииираат на пазарите со производи со ниска вредност, а интеркомпанискиот пристап ќе овозможи пласман на производи со додадена вредност, барани на пазарите на ЕУ.

2. **Второ, но уште позначајно е што во рамки на повеќегодишните планови на Regional Economic Area (MAP-REA) and Common Regional Market (CRM) воспоставен е перманентен диалог за дигиталната трансформација на регионот.**

Во излагањето беше посочено дека треба да бидат клучни два аспекта поврзани со дигитализацијата, во следните чекори за развој на Балканските економии и тоа:

- Дигитализација на бизнисите и економиите во регионот и
- Е- Влада или Е – WB 6 Регион

Во заклучното согледување Азески посочи дека сите наведени прашања се конкретни задачи кои треба да ги спроведат несериозни политички лидери за кои клучни проблеми се регистарските таблички на Косово, заедницата на општини, системот на функционирање на БиХ кој што е пример како не треба да се работи, кршењето на ЦЕФТА договорот, заглавување во расправии Отворен Балкан- Берлински процес итн. Но, бизнисот има една цел –профитот кој ги топи сите други разлики. Затоа бизнисиот ќе се дигитализира, сакале ние или не, и со тоа ќе ги притисне владите да го направат истото, истакна Азески.

На тркалезната маса свое учество зедоа и високи претставници од владите на Грција, Косово, Хрватска, Романија, Европскиот инвестициски фонд, Грчката развојна банка за инвестиции, академската заедница и приватниот сектор.

Во дискусијата на говорниците, несомена беше согласноста дека градењето на заеднички пристап на земјите од Западен Балкан значително ќе ги подобри преговарачките позиции со потенцијалните странски инвеститори на Балканот, овозможувајќи на тој начин сите поединечни економии од регионот да бидат во добитна позиција. За тоа постои и добра почетна позиција, бидејќи стапката на раст на странски директни инвестиции во регионот на Западен Балкан (во периодот 2021-2022) е исклучително висока и изнесува 23%.

Процесите на дигитализација, како што беше заклучено од дискусиите на говорниците, се неминовен процес кој е значаен во делот на воведување на нови технологии, зголемување на стапките на продуктивност во рамки на производствените процеси, имплементација на стандардите и зголемена видливост на интернационално ниво преку дигитални алатки на производите и услугите кои се нудат. Позиционирањето на економиите од Западен Балкан како заеднички пазар бара дигитални решенија за непречена соработка и проток на стоки и услуги без бариери, временски оптоварувања и без пролонгирање на времето на чекање на границите.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120709

**27.5.2023**

**АНАЛИЗА ЗА ЕФЕКТИТЕ ОД НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН ДЕЛ ОД БАРАЊА НА БИЗНИСОТ НА СРЕДБАТА СО ПРЕМИЕРОТ КОВАЧЕВСКИ**



Ефектот од замрзнувањето на цените, моделот по кој се утврдува минималната плата, анализа на ефектите од недела неработен ден, бројот на празници, примената на даночниот календар, како и измените на Законите за облигациски односи и за извршување кои се предлог на група пратеници без претходна комуникација со бизнис секторот беа дел од темите на кои разговараа членовите на највисоките органи на Стопанската комора на чело со претседателот Бранко Азески и премиерот Димитар Ковачевски, кој во Комората дојде придружуван од вицепремиерот Фатмир Битиќи и заменик министерот за финансии Филип Николоски.

На средбата беше истакнато дека Комората, согласно интересите и барањата на своите членки, во континуитет секогаш се залага за сериозен системски пристап во регулирање на пазарното функционирање. Да се креираат закони кои ќе бидат коректив на функционирањето на деловните субјекти, а не кочничар на развојот, како што се покажа делувањето на многу законски прописи. Дел од овие решенија, посочи Азески, делуваат и дестимулирачки за успешните компании, кои се инвестициски ориентирани.
Азески ја образложи Декларацијата за економски реформи, во која бизнисот инсиситра политичките елити да се вратат од „партиската“, кон „државната агенда“. Само со таков пристап бизнис секторот ќе може да работи во амбиент кој што е стабилен, предвидлив и долгорочно ориентиран, а во вакви околности, ќе има големи инвестиции, отворање на нови работни места и забрзување на растот на македонската економија.
Азески, меѓу другото, ги поттсети владините функционери на важноста за дефинирање на временската рамка во која дизајнерите на економските политики би можеле да прават измени на даночниот систем, односно, тие да бидат донесени и искомуницирани со јавноста најдоцна до 30 јуни во тековната календарска година, со одложено дејство, со важност од 1 јануари во наредната календарска.
На состанокот беа отворени и низа прашања за конкретните предлог енергетски решенија што Комората ги даде, со цел тие да бидат земени предвид пред почетокот на енергетската сезона.
Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски информираше за посетата на САД, при што беше нагласено дека партнерството со САД ќе се рефлектира и на засилената економска соработка и големиот интерес за инвестирање во земјава.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120711

**29.5.2023**

**РЕКТОР, КОЛКУ ТОА ГОРДО ЗВУЧИ...**



Утре, најстариот универзитет кај нас „Св. Кирил и Методиј“ ќе добие нов ректор. Секогаш сум бил приврзаник на идејата дека треба да се развива институцијата, но морам да кажам дека за тоа, најголемо значење има поединецот. Тоа е корелација која мора да функционира беспрекорно. Балансирањето на тие две работи ја определува успешноста на самата институција. Ако се земе фактот дека најголемите човечки ресурси во образованието и науката се наоѓаат токму на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, јасно е, дека изборот на прв човек е многу важно прашање.

Зошто?

1. Создавањето кадар за потребите на бизнисот ќе биде доминантна тема и врвен приоритет на Стопанската комора на Северна Македонија како најстара и најбројна бизнис заедница во наредните 10 години, и од тој аспект овој универзитет за македонскиот бизнис е значаен.
2. Проектот Европска мрежа на бизнис можности - ЕЕН (Enterprise Europe Network) како најголема мрежа во светот за поддршка на бизнисот и воспоставување партнерства е првиот и најзначаен, најдолговечен проект со кој започнаа проектните активности на Комората со ЕУ. Денеска Комората, 40% од своите приходи ги остварува токму од проектните активности. ЕЕН е проект со единствена цел да им помогне и на малите и на средните компании од Северна Македонија деловно да соработуваат со своите партнери од ЕУ и пошироко и да ги искористат можностите што ги нуди европскиот пазар.
3. Со универзитетот секогаш сме имале беспрекорна соработка, взаемно почитување и разбирање кое сакаме да продолжи и понатака.
4. Моите родители, јас и мојата сопруга, моите деца се дипломци на овој универзитет, а тоа, и како човек, и како претседател на СКСМ буди позитивни чувства.
5. Ја гледав на телевизија дебатата на кандидатите за ректор и за мене, особено значајно е, што најголем дел од кандидатите прозбореа токму за таа врска помеѓу универзитетот и бизнисот, што е значаен напредок и го ценам како позитивен момент.

Утре, токму заради сето ова, посакувам да биде избран најдобриот. Тој ќе биде оној кој што ќе ја надмине својата суета и ќе ги прифати најдобрите програмски определби од своите против кандидати, но кои ќе бидат во согласност со општите определби за развој на државата. Нашите актуелни состојби зборуваат дека се наоѓаме на сериозен крстопат на кој треба да се одлучиме каде ќе одиме. Комората веќе ја донесе својата одлука. Ние бараме да се напуштат партиските приоритети и да се бориме за државните. Декларацијата што ја донесовме на 100-годишната од своето постоење јасно кажува дека евроатланските цели мора да се остварат само со доминација на државните интереси. Треба да престанеме да бараме причини, да го губиме непотребно време во расправии и да тргнеме по патот на практичноста преку која се гради државата. **Ние ќе изградиме држава само ако изградиме силен коректив на власта, а за тоа е потребно да имаме силен бизнис, јак образовен систем во универзитетите и во МАНУ, професионални медиуми и значаен невладин сектор.**

**ПС: Што е мојата порака?**

За да не биде Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ „искомплексиран“ од Шангајската листа потребно е да се направи промена на најмалку четири работи:

**Прво,** да се напушти принципот на финасирање според број на студенти, а да се воведе принципот на квалитет на произведените кадри и да се намали времето за чекање работа на дипломираните студенти, затоа што заостануваме во споредба со останатите европски земји.
**Второ,** да се намали експанзијата на студиски програми без соодветна анализа на потребите на пазарот на трудот и на капацитетите за нивна реализација.
**Трето,** задолжително едуцирање на студентите со практична настава во текот на студиската година.
**Четврто,** проектните активности на Универзитетот мора во себе да ги вклучуваат и студентите, а не само наставниот кадар како досега (суштински, а не формално).
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120712

**02.6.2023**

**Претседателот Азески во комората на средба со директорката на АХК Северна Македонија, Антје Ванделт**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и извршниот директор на комората Антони Пешев оствaрија работна средба со Антје Ванделт директор на АХК Северна Македонија, која е дел од мрежата на германските стопански комори во странство.

Средбата беше остварена во насока за меѓусебно запознавање, но и информирање за тековните проекти на Стопанската комора и АХК Северна Македонија, како и за можностите за остварување на соработка на конкретни проекти како позиционирање на компаниите од Северна Македонија во глобалниот синџир на снабдување, дигитализација, сузбивање на сивата економија, зелена енергија.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120719

**05.6.2023**

**ДЕКЛАРАЦИЈА, ДОГОВОР МЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР, ЕКОНОМИЈАТА ПРЕД ПОЛИТИКАТА, ИЗВОЗОТ НАД СИТЕ НИВ**



Многу бизнисмени долго време ме прашуваат која е појдовната точка за излез од сегашната состојба. Анкетите кои ги спроведовме во повеќе од 300 компании и разговорите што ги имавме со повеќе од 100тина значајни личности од бизнисот и науката недвосмислено потврдуваат дека почетната точка треба да биде Декларацијата за општествен консензус што Комората минатата година ја усвои на 100 годишнината од своето постоење.

Ако таа е потпишана од преку 300 најзначајни наши компании, МАНУ, сите државни универзитети, сите бизнис асоцијации, тогаш е јасно дека мора да се тргне од таму. Декларацијата на прост и едноставен

начин констатира три работи: состојбата на македонската економија во моментот, причините за тоа и излезните решенија.
Што значи тоа на разбирлив јазик? Тоа значи дека во наредните 10 години со општествен консензус потпишан од сите чинители, сегашни и идни креатори на економските политики треба да се даде приоритет на економијата во однос на политиката, како би се направил неопходниот пресврт.
Уште повеќе луѓе ме прашуваат како мислите со декларација да остварите таква значајна работа. Нашиот одговор е многу прецизен. Со потпишување на договор за меѓусебните односи помеѓу приватниот и јавниот сектор, во кој договор ќе има прецизно наведени носители, временски рокови и останати алатки потребни за неговото спроведување.
Врвен приоритет во тие 10 години обележани со економските активности мора да биде извозот. Тоа го потврдуваат сите оние кои прашуваат, но и многу други кои знаат што е решението на економските проблеми на една мала земја како што е Македонија.
Во тој контекст, во четврток во Стопанската комора се организира стручна дебата каде јас во улога на претседател на Националниот совет за извоз ќе разговарам со реномирани домашни и меѓународни претставници од бизнис секторот и академијата. Мои гости ќе бидат академик Гоце Петрески кој ќе зборува зошто постоечкиот економски модел не може да испорача повисоки стапки на раст и која е улогата на извозот во забрзување на растот, професорот Дарко Лазаров кој ќе зборува за клучните проблеми и слабости со кои се соочува македонскиот извоз и како тие адресирани слабости да се надминат, претседателот на Белгиската комора Оливер Вилокс кој ќе го сподели искуството на Белгија како успешна извозно ориентирана и развиена економија, професорот од престижниот лондонски универзитет Славо Радошевич кој преку искуството на земјите од Југо-Источна Европа ќе даде предлози како нашата економија подобро да се интегрира во регионалните и глобалните ланци на снабдување, и неколку наши успешни бизнисмени кои ќе го споделат своето искуство за тоа како нивните компании станале успешни извозни компании и што е она што државата и Комората треба да го направат за да бидат вистински сервис на извозните компании.
Бидејќи кажавме дека нема да се занимаваме со минатото, ние во четврток ќе поставиме една цел. Во наредните години двојно да го зголемиме процентот на компании кои извезуваат, од сегашните 5% на 10%. И секако да го дуплираме бројот на производите-од 440 производи со компаративна предност да извезуваме двојно повеќе производи, а најголем дел од нив да бидат производи со висока додадена вредност.
Како ќе го оствариме тоа? Кај нас во Комората е сосема јасно дека централно место ќе имаат Националниот совет за извоз, Советот на странски инвеститори и Клубот на извозници. Државата заедно со економската дипломатија исто така треба да изврши преструктурирање во економските ресори за да обезбедат директна поддршка на извозните компании, а нашите фирми ќе треба брзо да се преструктурираат и да се ориентираат кон извозните можности.
П.С. Кога зборувам за извозот ќе ја земам за пример Германија која е најголемата економија во Европа и најважен трговски партнер на над половина од европските земји. За нас е број 1. Најголем трговски партнер на Македонија со вредност на извозот од 3.740 милиони евра. Но целиот наш извоз таму се сведува на 10 компании и 10 производи. 87.2% од македонскиот извоз кон Германија го прават 10 компании, а 87.4% од вкупниот извоз е базиран на само 10 производи. На крај, од вкупниот извоз на Македонија во Германија, земјоделско-прехранбениот сектор како еден од нашите најзначајни стратешки извозни сектор учествува со само 1%. Ова е поразително, но од друга страна покажува колкав е нашиот неискористен извозен потенцијал кој како земја го поседуваме и кој сите заедно мора да работиме за да го искористиме!
[https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120720](https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120720)

**13.6.2023**

**Азески во посета на Универзитетот “Гоце Делчев” Штип- Науката поактивно да се вклучи за поголема конкурентност на извозните компании, а студиските програми да бидат усогласени со струките што му се потребни на бизнисот**



Активно вклучување на науката во градење на поголема конкурентност на македонските компании со цел подобро позиционирање на странските пазари и создавање на кадар кој му е потребен на бизнисот, беа главните теми на кои се разговараше на средбата помеѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и ректорот на Универзитетот “Гоце Делчев” – Штип (УГД), проф. д-р Дејан Мираковски. Азески, кој на Универзитетот дојде заедно со извршниот директор на Комората Антони Пешев и група на извозни компании најпрво го посетија научно – истражувачкиот центар во Кампус 2 на УГД, каде имаа средба и со дел од деканите на природно-техничките факултети.

„После дефинирањето на целите и методологијата на нашата работа во понатамошниот период, првата посета ја правиме токму на УГД во Штип. Со тоа ставаме симболично значење дека двата клучни приоритети на Комората во наредните 10 години, а тоа се извозот и развој на образованието за потребите на бизнисот, ќе бидат третирани професионално и со највисоко ниво, така што ќе придонесат за развој не само на нашите институции, туку и за развој на државата. Можам да кажам дека кај ректорот наидовме на големо разбирање за нашите позиции. Наидовме на големо разбирање за фактите и бројките кои ќе бидат водич во иднина. Ние не сме сами за себе доволни и предлагаме зголемување на соработката најнапред меѓу бизнисот и високото образование. Минатите години работевме на развој на дуаленото образование, а сега ќе се посветиме повеќе и на високото образование. Бизнисот секој ден оди напред, поставува повисоки стандарди, а универзитетите тоа треба го следат“, изјави пред медиумите Азески по средбата со ректорот.

Потенцираше дека целта на Комората е да му помогне на образованието во следните години финансирањето да достигне до 5% од буџетот. На тој начин ќе се постигне достоинство за наставниот кадар, подобрување на програмите и методологиите по кои работат универзитетите, а ќе се испорача и стручен кадар кој му е потребен на стопанството.

На средбата присуствуваше и проф. д-р Дарко Лазаров од Економски факултет кој ги презентираше и конкретните можности за идна соработка помеѓу двете институции.

Ректорот на Универзитетот Мираковски нагласи дека и досега има успешни примери на научно-истражувачка и стручно-апликативна соработка помеѓу со бизнис секторот, но таа соработка допрва ќе се продлабочува.

„Ние имаме соработка која сакаме да станеме уште поинтензивна. Заложба е преку реални проекти заеднички да ја подобриме економијата и секојдневниот живот. Целта е на нашите студенти да им отвориме простор за развој во нашата држава и реализирање на една квалитетна кариера. Ова е само прв чекор и имаме дефинирано неколку полиња на соработка и релативно бргу ќе пробаме да ги реализираме“, истакна Мираковски.

На средбата ректорот ја потпиша и Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики, мерки која Комората ја донесе на својата 100 годишнина, на 14 јули 2022 година, а со која бара враќање од партиската кон државната агенда.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120727

**23.6.2023**

**Одржан првиот состанок на Советот за ЕУ интеграции формиран во рамки на Стопанската комора**



Во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија формиран е Совет за ЕУ интеграции со цел поддршка на евроинтеграцискиот процес и вклучување на бизнис заедницата во одлуките и потребите од усогласувања кои ќе произлезат во рамки на процесот на преговори со ЕУ.

На првиот состанок на Советот заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија Бојан Маричиќ и претседателот на Стопанската комора Бранко Азески се согласија дека вклучување на бизнис заедницата по клучни поглавја е од огромна важност во процесот на прилагодување и исполнување на критериумите кои ќе произлезат од самиот процес на преговори и договори за усогласување со Европската унија.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120740

**05.7.2023**

**САМО БИЗНИСОТ МОЖЕ ДА ЈА ИЗВЛЕЧЕ ЕКОНОМСКИ ДРЖАВАТА**



*Време е после 30 години државата да направи пресек и да ја стави економската активност како врвен приоритет. Само така може да очекуваме и економски развој и подем, истакна претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, на прес конференцијата на која беа презентирани наодите од анализата за сивата економија изработена од м-р Зоран Јовановски потпретседател на Стопанската комора, м-р Павле Гацов даночен експерт и член на УО на СКСМ и проф. Александар Стојко, член на Собранието на Комората.*

*Претседателот Азески констатираше дека за бизнис заедницата решавањето на проблемот со сивата економија е едно од круцијалните прашања. Како Комора која ги претставува компаниите кои придонесуваат со половина од вкупниот приход создаден во приватниот сектор, близу 50% од нето добивката во приватниот сектор ја генерираат компаниите членки на Комората и фактот дека секој трет вработен во приватниот сектор работи во фирма членка на СКСМ, не обврзува како бизнис асоцијација во кој правец да се движиме и дека сивата економија ќе биде едно од*

*клучните прашања за кои ќе иницираме активности во периодот што следи. Посочи и дека нема инвестициска активност во држава со висок процент на сива економија. Ние се наоѓаме во зачаран круг веќе три децении и затоа како бизнис праќаме апел, покрај црна листа која ја објавува Управата за јавни приходи за деловни субјекти кои не ги плаќаат редовно давачките да постои и бела листа, за да се види кои се субјектите кои се однесуваат одговорно во државата.*

*Во услови на нефункционална правна држава и правосуден систем, нефункционален пазарен модел, единствено врзно ткиво мора да биде економијата. И сето ова вели Азески, упатува на фактот дека е повеќе од нужно сите чинители во општеството да бидат потписници на нов договор за дефинирање на економските приоритети на државата.*

*Креаторите на анализата м-р Зоран Јовановски и м-р Павле Гацов, говореа за негативните импликации од високиот процент на сива економија, негативните импликации од истата, но беа понудени и предлог решенија.*

*Мотивација за анализата вели Јовановски била преку факти и бројки да се покаже дека наместо зголемување на даноци и воведување нови секогаш кога недостасуваат пари во буџетот, да се применат мерки со кои ќе се намали и формализира сивата економија, бидејќи таа негативно се одразува на финансиската кондиција на компаниите што работат согласно законите, ја нарушува пазарната (лојалната) конкуренција, го ограничува растот на економијата, ги оштетува јавните финансии, буџетот на државата и социјалните фондови.* Во анализата е констатирано дека последиците од постоење на сивата економија се, поткопување на владеењето на правото, опасност од преобликување на општеството што укажува дека ова прашање не е само економско туку и длабоко општествено прашање.

Врз база на резиме од 28 студии беа посочени факторите што ја детерминираат сивата економија, како и фактот дека таа изнесува 33,2% од БДП, што споредено со просекот на ЕУ 27,19,4% е голема разлика. Во 2022 година „сивиот дел“ на македонската економија изнесува 4,2 милијарди евра, во државниот буџет истата година се изгубени приходи за 1,28 милијарди. <u>Или ако се сведе сведе сивата економија на нивото на ЕУ, поголеми приходи во буџетот на државата би имало за 450 милиони евра годишно.</u>

Павле Гацов укажа дека за намалување на процентот на сива економија потребна е политичка волја и бескомпромисен пристап. Вели дека постојат владини документи за борба против сивата економија но нема информација за резултати од истите. Во Анализата се предвидуваат и мерки за борбата против сивата економија преку поголеми инспекциски активности, регулирање на нерегистрирани е-трговци и доставувачи, елиминирање на пропусти во работењето на менувачниците и практиката на неиздавање на фискални сметки.

*Се предлага и поголема организираност преку воведување регистри на вршители на е-услуги (програмери и сл.) за потребите на странски економски субјекти и регистри на вршители на услуги во земјата (услуги од областа на домаќинствата, други услуги, итн.), координација на институциите преку електронско поврзување на сите соодветни бази на податоци кај УЈП, како и формирање тело за соработка помеѓу УЈП и деловните даночни обврзници.*

**https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120751**

**06.7.2023**

**ЦЕЛОСНО ДА СЕ СТОПИРА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА СОЛИДАРНОСТ**



Бизнис заедницата сака систем и предвидливост, а не ад хок решенија со кои се создава неизвесна деловна клима и се дестимулираат компаниите за инвестициски активности, беше констатирано на прес конференција на која претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, потпретседателот Зоран Јовановски и извршниот директор Антони Пешев уште еднаш укажаа на потребата за целосно стопирање на постапката за носење на предлог-законот за данок на солидарност. На оваа тема Стопанската комора преку највисоките тела и форми на делување реагира веќе подолг период и укажува дека вакво законско решение има неколку кратно негативно влијание за бизнис климата.

Прво, се создава **селективен пристап затоа што се опфатени само поголемите компании** кои остваруваат приход поголем од 615.000.000 денари, второ, с**е врши оданочување на добивката што ја оствариле компаниите, независно дали истата е резултат на пазарните услови** (остварена екстра добивка поради движења на пазарите на енергенси или други причини кои довеле до конјуктурни поместувања на пазарот) **или е резултат на нивното работење,** односно резултат на зголемени инвестиции, подобрена продуктивност, освојување на нови пазари и сл., трето, влијае д**естимулирачки на успешните компании, кои се инвестициски ориентирани,** односно **во неповолна положба се доведуваат компании кои инвестирале во претходните години.**
Во таа насока претседателот Азески уште еднаш укажа на потребата од потпишување на Декларацијата што Комората ја донесе минатата година и зад која стојат МАНУ, универзитетите во земјава, Организацијата на работодавачи, Делегацијата на германското стопанство и Занаетчиската комора. Тоа, нагласи, ќе значи национален консензус околу клучните прашања и гаранција за спроведување долгорочни економски политики, односно „враќање од партиската кон државната агенда“.
Мора да престане практиката на носење закони по брза постапка. Имаме 250 странски инвеститори и 15 000 наши членки кои бараат систем и предвидливост. За бизнисот тоа е клучно. Никој не е против да плаќа даноци, но не може преку ноќ да се менуваат правилата. Тоа што ќе се договори, треба и да се имплементира, рече Азески.
Според него, излезното решение е во потпишувањето на Декларацијата, во склучување договор меѓу државниот и приватниот сектор со кој би се регулирале меѓусебните односи. Тоа може да се направи во наредните недели и месеци. Од наша страна се е кажано, но имаме сериозен проблем со имплементацијата. Мора да научиме да почитуваме принципи, а не да ги менуваме со секоја промена на власт. Не можам да речам дека институциите не не сослушале, но работата е во имплементацијата, да се спроведат постапките за да се дојде до решенија најдобри и за бизнисот и за граѓаните, подвлече претседателот на Комората.
Потпретседателот Јовановски, посочи дека од клучно значење за бизнисот е постоење даноен календар на кој Комората инсистира повеќе години. Даночниот календар значи дека заклучно со 30 јуни тековната година, државата ќе му соопшти на бизнис што е она што се менува или се воведува ново во сферата на даноците или други давачки, а ќе важи од 1 јануари. Така, бизнис секторот ќе има можност во текот на втората половина од годината, кога ги прави своите финансиски планови за

наредната година, да ги вгради ефектите кои ќе произлезат од новите законски или подзаконски решенија, објасни Јовановски.

Често досега, рече, нови законски решенија се предлагаат во ноември, декември, на веќе донесени финансиски планови, што предизвикува голема нерамнотежа во неработењето на компаниите. Сега сме веќе јули, па какво било ставање на вакво решение како Предлог-законот за данок на солидарност, оди директно во спротивност со Даночниот календар, истакна Јовановски.

Извршниот директор на Комората, Пешев предочи дека не може во сопствената држава да биде казнет оној што во изминатиот период бил успешен зашто се наметнал на новите пазари и остварил екстра добивка. Секогаш кога се носи закон со социјална димензија и во кој селективно се собираат приходите од најуспешните, тогаш мора да се има и програма како ќе биде распределен. Солидарноста се однесува на компаниите ако тие навистина ја злоупотребиле својата монополска позиција на пазарот и создале екстра профит на штета на граѓаните, но тука за тоа не станува збор. Дополнително, значен дел од фирмите кои ќе бидат засегнати се од категоријата компании со странски инвеститори за кои ова е неразбирливо зашто апсолутно не било ниту предвидено, ниту најавено, туку ретроактивно им се зема дел од добивката што драматично ќе делува на нивната глобална позиција и на пазарите каде котираат. На тој начин не смееме да продолжиме.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120752

**07.7.2023**

**СТИГНА ПОТВРДАТА ЗА УПОРНОСТА НА КОМОРАТА**



Изминатата недела беа објавени резултатите од првиот рок на уписите на учениците во средното образование кои покажаа дека речиси, две третини, се запишале во стручното образование, односно, од вкупно 15.481 запишани ученици во учебната 2023/2024 година, 10.277 ученици или 66,4 % во стручно образование, додека 4.603 ученици или 29,7%, во гимназиско образование. Мал процент, околу 3,8%, отпаѓа на ученици запишани во уметничкото образование и спортската гимназија.

Овој факт е реална потврда за напорите што ги прави Стопанската комора сите овие години во процесот на афирмирање и имплементирање на дуалното образование и истакнување на потребата од зголемување на бројот на ученици кои завршуваат средно стручно образование и нивно вработување по завршувањето.

Како најголема бизнис организација која будно ги следи и анализира потребите од адекватен стручен кадар со години station наназад, укажуваме дека не постои усогласување на побарувачката на работна сила на пазарот на труд и понудата на стручни вештини и компетенции од страна на образовните институции. Уште од 2007 година, претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, укажува дека образовниот и бизнис секторот не смеат да бидат два одвоени света, туку образованието мора да ги следи потребите и трендовите на економијата и затоа се потребни реформски зафати за подобрување на квалитетот во образованието за може да испорачува кадри потковани со добро знаење и вештини, кадри кои ќе бидат компатибилни на пазарот на трудот, а најефикасна реформа за обезбедување стручен кадар е воведување на дуалното образование со нов пристап во наставата и ориентираност кон вештините и компетенциите, поткрепени со практичната обука на реално работно место. Во 2007

година, за првпат почнавме да го промовираме дуалното образование, во 2016 почнавме да спроведуваме активности за негова реализација, а веќе во 2017 година, со една наша членка, компанијата ЕВН Македонија, АД, започна реализацијата на пилот проектот за дуалното образование кое ги даде и првите резултати: подготовка на учениците според потребите на компанијата и вработување на учениците во компанијата по нивното завршување.

Активностите се интензивираа во 2019 година, со доаѓањето на м-р Наташа Јаневска од министерството за образование и наука во Комората, најпрво, преку барањето за системско уредуна бизнис заедницата за вклучување во процесот на стручното образование преку креирање на уписни политики, осовременување на наставните програми и реализација на практичната вање на дуалното образование и нов закон за стручно образование и обука и со подигање на свеста настава. А таргетот што го постави Комората за упис на ученици во стручното образование беше 70%.

И резултатот е видлив:

- Зголемена бројка на компании вклучени во стручното образование, од 11 компании во учебната 2019/2020 година, на 500 компании во учебната 2022/2023 година, со тенденција бројот да расте.
- Зголемена бројка на ученици во стручното образование, од 10.961 ученик или 64% во учебната 2020/2021 година, на 11.446 ученици или 69% во учебната 2022/2023 година.
- Зголемена бројка на стручни училишта вклучени во дуалното образование, од 7 училишта во учебната 2019/2020 година, на 61 средно стручно училиште во учебната 2022/2023 година.

Нашите активности се насочени и кон финансиска поддршка на стручното образование и обука.

Комората и Коморскиот инвестициски форум на 6-те земји од Западен Балкан, преку Германската банка за инвестиции (KFW), обезбедија финансиски средства за модернизација со машини и опрема во висина од **150.000 до 600.000 евра** на конзорциуми составени од училишта/факултети и компании за реализација на дуалниот модел на образование. На првиот повик се обезбедени **3,4 милиони евра за 8 конзорциуми (7 стручни училишта и 1 факултет, кои имаат потпишано договор со 29 компании)**, а на вториот повик се обезбедени 2,72 милиони евра за 6 конзорциуми од нашата земја **(37 компании со 4 стручни училишта и 2 високообразовни институции).**

Ваквите резултати ни даваат уште поголем мотив да продолжиме со нашето работење, а фокусот е ставен подигање на квалитетот на реализација на практичната обука.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120755

**11.7.2023**

**КОЛКУ „КОЧОВЦИ“ ИМА МАКЕДОНИЈА?**



Вчера беше јавно публикувано дека еден од добитниците на овогодишната награда на Стопаснката комора на Северна Македонија за остварување на приоритетите на Комората во наредниот период, што значи и зголемување на извозот и воспостувавување на целосна компатибилност на образованието и бизнисот, е проф. д-р Кочо Анѓушев.

Професорот, бизнисмен, општественик, пред се човек, го запознав во мојата прва посета како претседател на Комората, во еден од погоните на Брако каде се модернизираше линијата за жичани производи.

Анѓушев не беше непознат во бизнис-круговите затоа што претходно работеше на висока оперативна функција во ЕСМ. Меѓутоа, од тој момент до денес тој е синоним за офанзивност, работливост, имплементирање на нови технологии, професионализам.
Тој период од 2005 до 2010 година, беше период на негова силна афирмација во приватниот бизнис. Токму затоа некако природно дојде предлогот тој да застане на чело на Македонската енергетска асоцијација – најсилната организациона единица во Комората. Слободно можам да кажам дека неговиот волонтерски ангажман во Комората е пример за успешно ангажирање и поттикнување на активности од интерес на компаниите.
Во исто време, тој е еден од творците на новиот економски модел на Комората, што како комплексна платформа ја изнесе во јавноста во 2015 година. Во тој модел нискиот раст на бруго-домашниот производ требаше во наредните пет години да доведе до раст од 5%, со што и компаниите и граѓаните би осетиле напредок на планот на подигнување на нивото на животен стандард.
Во 2017 година, Анѓушев беше избран за заменик-претседател на Владата задолжен за економските ресори. Иако нашите искуства беа негативни, Комората и Кочо го прифатија предизвикот и со сиот ризик се обидоа да го реализираат она што го зацртаа во 2015 година. За жал, таквата шанса не можеше да биде искористена покрај целокупниот ангажман кој го вложи и Анѓушев и Комората. Партизираните структури го имаа веќе заземено просторот и за него се бореа до крај.
И гледај каква парадигма: Наместо реализација на програма за забрзан економски развој, добивме популистички подметнувања и јавни жигосувања кои не престануваат до денес. Се разбира, најсилниот удар одеше до најекспонираната личност на Комората, а во тој момент тоа беше господинот Анѓушев. Не сакам тука да употребувам флоскули од типот „Ние се залагаме за транспарентност, владеење на правото и имплементација на начелата на пазарната економија“. Ќе кажам само дека господинот Анѓушев и во Владата беше најголемиот работник, зашто неговата девиза е едноставна и лесна за паметење: „Бизнисот е како велосипед, ако не ги вртиш педалите, тој паѓа.“
Вистината е следна: Ние бевме, сме и уште долго време ќе бидеме малцинство во напредните ставови и економски политики кои бараат вистинско лидерство, бескомпромисност и ризик. Ние од тие принципи нема да се откажеме се додека тие не ја повлечат државата напред. Меѓутоа , има едно прашање кое цело време кружи над нас: Колку „Кочовци“ има Македонија за на ваков начин да се пресметува со нив? Јас тврдам дека се многу малку. Македонија мора да води сметка за своите кадри. Да прави нешто за нивното мултиплицирање, зашто бизнисот кој е и основа на државата може да се развива само со такви кадри. Професорот и бизнисмен не е паднат од небо, туку граден кадар на престижните универзитети во Германија, Велика Британија, кај нас. Тој не дојде на позициите од Водно, туку од Велес. Тој го помина трнливиот пат на секој успешен Македонец и така треба да продолжи. Дали човек во текот на еден таков интензивен развој може да направи грешки? Сигурно. Но, тие грешки тој ќе ги анализира сам и е доволно мудар да извлече поука.
Нашата институција која во петок одбележува 101 година од своето постоење е тука да работи во интерес на своите членки, на своите менаџери, на своите сопственици, на своите работници. Ако некој не знае, треба да му е совршено јасно дека Коморите се претставници на фирмите како целина. За нас, секој сегмент од нив има свое значење.
Јас сум убеден дека менаџерите се вистинските лидери кои ги отвораат патиштата за развој и сум убеден дека г-дин Кочо Анѓушев е таков лидер и со поддршка на целата прогресивна јавност ќе создава уште многу нови бизниси, ќе отвора нови работни места, беспрекорно ќе ги извршува своите обврски и кон државата и кон работниците, неговото искуство ќе помогне и за државата да се извлече од ситуацијата во која се наоѓа.
Се на се, анатомијата на односите помеѓу него и Комората ќе продолжат како и досега. Наградата ќе претставува поттик за неговите уште поголеми бизнис-ангажмани, а проблемите со кои се соочува

целокупниот негов бизнис, како што оттаму констатираат дека се непринципиелно нападнати во моментов, ќе бидат надминати.

Како и секогаш, една порака до него - Оди до крај, Комората ги поддржува таквите бизнисмени.

Друга порака до медиумите – Да знаат дека општоприфатлив принцип во целиот свет е дека неоснованите напади можат финансиски да влијаат врз компаниската репутација. Кој ќе ги плати тие штети?

И порака до нашите членки – да бидат единствени, сплотени и меѓусебно да си помагаат!

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120757

**17.7.2023**

**101- ГОДИНА НА КОМОРАТА**



На годишнината, 101 година од коморското организирање во нашата држава, на 14.07.2023 година, делегација на Стопанската комора на Северна Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески реализираше работна средба со претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски.

На приемот кој беше организиран во Кабинетот на претседателот Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, во Вила Водно во Скопје, од страна на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески беше претставена актуелната состојба во која што се наоѓа бизнисот и земјата во целина и се побара поддршка за иницијативата на Стопанската комора на Северна Македонија “Декларација за економски реформи, политики, мерки” која Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија ја усвои на 100-годишнината (14.07.2022 година).

Иницијативата е поттикната од бавниот реален раст на македонската економија, кој во периодот од 1993 до 2021 година просечно годишно изнесува само 1,7% , кој всушност го одразува и неуспехот на полето на образовниот систем, здравството, енергетиката, инфраструктурата, итн. И сето тоа придружено од нефункционирање на правната држава, непочитување на пазарните вредности, севкупната политизација на секоја пора од општеството и доминацијата на интересот на политичките партии над државниот интерес. Причините за ваквата повеќедецениска состојба се бројни, но меѓу најважните се отсуството на јасно дефинирана долгорочна визија за економски развој, отсуството на конзистентни долгорочни економски политики за реализација на таквата визија, длабоката и широко распространета политизација на општеството, а последица на севкупниот контекст на македонското општество е иселувањето на населението од земјава, коешто веќе не е мотивирано само од економски причини.

На средбата се истакна потребата за поддршка во потпишувањето и на еден нов рамковен економски договор, а тоа е договор за економските реформи, политики и мерки кои треба да се спроведуваа во наредните најмалку десетина години, независно од која политичка партија ќе биде на власт, и да се поддржат врвните економски приоритети во нашата држава за да се обезбеди забрзување на економскиот раст.

Искажаната јавна поддршка, од страна на претседателот на државата, Стево Пендаровски на “Декларација за економски реформи, политики, мерки” пред делегацијата на Комората составена од млади бизнис лидери, е првиот чекор на патот за создавање подобра иднина на македонската економија. Така ќе започне процесот на враќање на надежта кај граѓаните дека работите можат да

тргнат кон подобро со заеднички, здружен пристап на сите чинители во земјата, за што, како бизниз заедница сме благодарни и подготвени да го дадеме нашиот придонес.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120765

**17.7.2023**

**Одржана прва средба од новата алатка „ПРАШАЈ ГО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ“**



Во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија се одржа првата средба од новата алатка „ПРАШАЈ ГО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ“ со претседателот Бранко Азески.

Во рамките на средбата претседателот Азески им даде можност на вработените да поставуваат директни прашања во однос на организираноста, делокругот на работењето и на услугите на Комората.

На маргините на настанот претседателот Азески оствари и работна средба со вработените во регионалните комори при Стопанската комора на Северна Македонија.

Претседателот, меѓу другото, се осврна на идните планови за функционирањето на Комората и на четирите основни принципи на кои ќе се заснова тоа:

1. Едукација, т. е. натамошна поддршка на дуалното образование, на средното стручно образование и на дуалниот концепт во високото образование;
2. Продлабочување на поддршката за извозно ориентираните компании и натамошен развој на кадарот за тоа;
3. Придржување до принципот на владеење на правото и еднаква одговорност пред законите за сите чинители во општеството;
4. Развој и интензивирање на регионалната соработка на национален, регионален и на интернационален план.

Препораката на претседателот Азески до сите вработени е да се приспособат на новите текови на дигитализација и на приближување до европските принципи, да остварат дополнителна едукација и постојано усовршување за натамошна поддршка на стопанството во државата, но и да се следат трендовите на зелената и на циркуларната економија, како и специфичните експертски области кои би биле од доменот на интерес на компаниите.

Овие средби, во присуство на сите вработени во Комората, планирано е да се одржуваат двапати во годината – на почетокот на јули и на крајот на декември.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120766

**20.7.2023**

**РАБОТНА СРЕДБА НА РАКОВОДСТВАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА И ОПОЗИЦИСКАТА ВМРО ДПМНЕ**



Во просториите на Комората се одржа една од редовните консултации што раководството на СКСМ ги има со раководството на ВМРО ДПМНЕ за актуелни тековни теми. Овој пат фокусот е ставен на трите закони, за ДДВ, данокот на добивка и данокот на солидарност.

Претседателот на Комората Бранко Азески, од опозициската партија побара информација за активностите во Собранието на РСМ околу трите закони, а се разговараше и за можни нови механизми и активности како да се сведе на минимум ударот и негативните ефекти врз бизнисот од овие законски решенија. Доколку законите сепак ги минат сите постапки за нивно ставање во функција, СКСМ ќе го искористи сите механизми вклучително и оценување на уставноста на законите, за кои бизнис секторот преку Клубот 100 на 19.7.2023 година упати допис до **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**, до **Претседателот на Владата на Република Северна Македонија** и до **Министерот за финансии на Република Северна Македонија.** Во Дописот на еден сеопфатен начин се образложени аргументите за барањето на бизнис заедницата за запирање на постапката за донесување на предложениот Закон за данок на солидарност по итна постапка со европско знаменце. Истата иницијатива е поддржана со потписи од значаен број на релевантни и успешни компании и стопанственици - членови на органите и телата на Комората (Управен одбор, Собрание и Надзорен одбор), при што се укажува на сите негативни последици кои евентуалното вакво законско решение и неговата ретроактивна примена за фискалната 2022 година ќе ги предизвика врз домашните и странските компании и инвеститори во државата.

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски по денешната средба со раководството на Комората информираше дека можностите за промени се ограничени, односно се лимитирани во Собранието, бидејќи законот за солидарен данок е со европско знаме и постои процедура како истиот се носи. При тоа информираше дека како партија ќе побараат јавна расправа за измените во законите за ДДВ, данокот на добивка и данокот на солидарност, за да може јавноста да биде информирана за измените кои се предвидени со законите.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120769

**27.7.2023**

**Награди за КИФ, Анѓушев и регионалните комори во Битола и Прилеп: Раст на извозот и создавањето на кадар за бизнисот се темелот на нашиот економски развој како држава**



Коморскиот инвестициски форум (КИФ), Регионалните комори од Битола и од Прилеп и проф.др. Кочо Анѓушев, стопанственик и сопственик на групацијата „Фероинвест“ и „Брако“ се добитници на дел од наградите што Стопанската комора на Северна Македонија ги додели по повод 101-годишнината од нејзиното создавање.

Наградите што беа доделени се во две категории: првата-приоритети на Комората за придонес во развојот на извозот, но и за образованието на кадар

за потребите на бизнисот, што им беше врачена на Лулзим Рафуна, претседател на КИФ и Кочо Анѓушев, стопанственик.

А втората, за долгогодишна коморска активност на Регионалните комори од Битола и од Прилеп.

Наградите ги додели претседателот на Комората Бранко Азески, кој истакна дека придонесот на Коморскиот инвестициски форум, на проф.д-р Кочо Анѓушев и на Регионалните комори Прилеп и Битола за нашата економија е неспорен и потврден со конкретни резултати.

"Стопанската комора годинава прославува 101 година коморско организирање и денес може да кажеме дека нема институција во државата што поседува капацитет со материјални и човечки добра како нашата Комора. Ние сме партнери на државата, утврдиваме приоритети и оствaруваме. На тој пат ние не сме сами, со нас се компаниите членки, меѓународните партнерски асоцијации и институции. Управниот одбор на Комората донесе одлука за доделување на награди за истакнати стопанственици, компани кои на патот на остварувањата покажаа особени резултати. Затоа денес, преку овој пригоден настан, посочувајќи ги главните приоритети на нашата економија, извозот и создавање кадар за неговите потреби, сакаме повторно да укажеме кој е вистинскиот пат за развој на една економија, но и да оддадеме признанија на клучните чинители во остварувањето на приоритетите и нивниот придонес во остварувањето на стратешките цели на делување на Комората, а тоа е нашата насоченост исклучиво кон интересот на компаниите- членки и додадената вредност која ја добиваат", истакна Азески.

Коморскиот инвестициски форум, асоцијација која го обезбедува гласот на бизнисот во регионот и застапува 350 илјади компании од подрачјето на Западен Балкан, минатата година забележа видливи резултати со конкретни придобивки за македонските компании.

Со поддршка од Европската Унија се реализираше Програмата за развој на добавувачи, преку која се мапираа добавувачите од регионот во секторите на автомобилската индустрија, лесната преработувачка индустрија и на земјоделско-прехранбената индустрија, при што во дат

а-базата Market Access вклучени се 483 македонски компании. Истовремено КИФ обезбеди поддршка и пристап до финансии, грантови и саемско претставување на извозно ориентирани македонски компании. Преку Регионалниот фонд за предизвици, КИФ активно придонесува и за поддршка на дуалното образование при што досега е одобрено финансирање за вкупно 14 проекти од Северна Македонија, во вредност од 6,13 милиони евра.

Стопанската комора му додели награда и на Анѓушев, кој во своето портфолио, преку успешни деловни потези, има значајна улога во зголемувањето на извозот. Кочо Анѓушев преку диверзификација на палетата на извозните производи во пет сектори и диверзификацијата на извозните пазари на три континента, но и во образовниот процес преку профилирање кадар за потребите на своите компании во рамки на групацијата, претставува успешен пример кој треба да биде и основата на која ќе се темели нашиот економски развој како држава.

Наградите на Регионалните комора од Битола и од Прилеп им беа врачени на претседателите Ирена Јакимовска, сопственик/управител на „Комфи ангел" и на Мирко Велковски, сопственик на „Хемометал" и ВЕМИЛК- Битола. Наградите се резултат на нивниот несебичен ангажман во последните 10 години. Двете комори покриваат околу 8. 000 активни компании, со вкупен придонес на БДП во текот на претходните години од 12%.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120772

**13.8.2023**

**Стопанската комора ја укинува членарината, ја афирмира Шумановата економска Европа, најавува мега економски проект за обединување на бизнисот**

Денеска е 13 август, познат по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и по роденденот на мојата сопруга. Бидејќи годините за жените не се кажуваат, овие од Охридскиот договор се точно 22. Денот е како роден за поставување на нови одредници што ќе го усмерат развојот. Денеска, гледано од аспект на меѓународните, регионалните и домашните состојби, потребен е нов Шуманов план кој ќе направи пресвртница за доброто на економијата.

Комората, се разбира во делот на бизнисот како најстара и најзначајна бизнис заедница, прва ги прецизира своите ставови кои изгледаат вака:

1. Мора да се подигне лојалноста кон државата.
2. Власта и опозицијата да прекинат со нетрпеливоста и на демократски начин да ја извлечат државата од кризата.
3. Да престане популизмот и да се свртиме кон реалноста.
4. Сивата економија, корупцијата, завршувањето на гасификацијата, состојбите во железничкиот и патниот сообраќај нѐ фрустрираат, а трошењето на буџетот за непродуктивни цели многу нѐ загрижува.
5. Апсолутно сме за европска интеграција, но свесни сме дека европските лидери направија многу преседани на штета на малите земји.
6. Нам ни треба отворање на Балканот, враќање на историјата на историчарите и обединување на бизнисот. За почеток, пристаништето во Солун да биде точка на балканското обединување на бизснисот.

Ние секој ден слушаме како се зборува „вие само барате“. Да, точно е. Ние бараме затоа што создаваме, но не само за себе, туку и за државата и за целото општество.

Овој текст ќе изгледа како сите други, ако не се осврнеме на новите алатки што ни стојат на располагање. Најпрво, Декларацијата за општествен консензус и за економски реформи, политики и мерки. Таа е кратка, јасна и разбирлива за секого. Потпишана од сите релевантни чинители на економските политики во државата. Позната како Рамковен договор за десетгодишен приоритет на економијата. Како резултат на Декларацијата ќе произлезе и договор за регуларење на меѓусебните односи на јавниот и на приватниот сектор.

На крајот клучната констатација. Она што го бараме од државата дали го правиме и ние во Комората? Мислам да. Но, да бидам поконкретен. Неколку пати сум најавувал, а сега ќе им предложам на органите и телата на СКСМ прогласување мораториум за едногодишно неплаќање на членарина од страна на фирмите. За компаниите ова решение можеби и нема да има влијание врз нивните приходи, но тоа е гест дека ние сме свесни за нивните состојби и како заедница сакаме да им помогнеме, откажувајќи се од 40% од нашите приходи кои се обезбедуваат на доброволна основа. Со тоа го продолжуваме она што го направивме за компаниите кога им беше најтешко, како вакцините, како поддршката во енергетската криза, како грантовите за воведување на дуалното образование, како подарените CNC машини, за поддршка на нивниот извоз. И се разбира заедничкиот настап на саемските манифестации во светот.

Но, ова едногодишно укинување на членарината не значи дека во следните 365 дена ќе ги затвориме вратите и ќе ја преспиеме годината. Тука напротив, ќе се мобилизираме и уште посилно ќе работиме за нашите членки.

Обостраната соработка на сите чинители во процесот на стратешката трансформација во Комора на иднината, оваа година ќе ги афирмира и Институтот за извоз, Берзата на труд, Судот на честа, Школата за бизнис лидери, Конференцијата за напредни технологии и Дигиталниот клуб. Арбитражата и Советот за странски инвестиции ќе доживеат сериозни позитивни трансформации.

П.С. Дали се создадени услови да се премине Рубиконот? Ние сме подготвени да партиципираме во тој процес. Имам една порака до критичарите, да продолжат да не критикуваат со сета жестина, но конструктивно, затоа што со тоа ја држиме нашата кондиција, а кондицијата ни е потребна за да предложиме и еден мега економски проект, кој ќе ја обедини целата економија во државата во наредните десет години. Но, за тоа во наредната колумна.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=120779

**18.9. 2023**

**ЕКОНОМИЈАТА НЕ Е ТЕМА КОЈА МОЖЕ ДА ЧЕКА ДО БЕСКОНЕЧНОСТ**

Членките на Управниот одбор на Стопанската комора, одржаа седница на која се дискутираше за актуелната економска состојба во државата која ја зголемува и онака присутната неизвесност на реалниот сектор. Да се биде во чекор со настаните несомнено бара голем ангажман, визионерско размислување, како и соодветни технички и кадровски потенцијали за да се одговори на барањата и потребите на компаниите. Што значи, подготвени сме заедно со сите носители на економските политики да изградиме просперитетна држава и не се откажуваме од таа цел.

1. Стопанската комора на Северна Македонија останува на позициите на кои беше, е и ќе биде дека е независна, непрофитна и невладина институција која функционира со една цел – креирање предвидлив амбиент за водење бизнис, поголем профит и отворање на нови работни места.
2. Сите бизнис организации во нашата држава се наши партнери кои ја остваруваат истата наша цел и со нив соработката ќе се интензивира.
3. Декларацијата за општествен консензус за економски реформи во наредните десет години е најдобрата почетна точка за промените, а договорот за соработка меѓу приватниот и јавниот сектор треба да е старт на процесот кој ќе не доведе до европските стандарди, владеење на правото и пазарната економија.
4. Управниот одбор на Комората потенцира дека нашите членки редовно ги извршуваат своите финансиски обврски кон државата, и затоа бараат:

   А) Истото тоа (редовно плаќање на финансиските обврски) да го прави и државата кон нив и да го преиспита конечно, нашето деceниско барање за промена на член 218 од Законот за извршување.

   Б) Прецизна примена на концептот даночен календар во кој нема да има промена во даночната регулатива доколку истата не е најавена шест месеци пред стапувањето во сила, а со која се воведуваат нови финансиски обврски спрема компаниите.

   В) Конечно да се определи рок за да се елиминираат “парафискалните” давачки.

   Г) Прецизна агенда за промена на структурата на буџетот кој со 47,3% социјални трансфери не дава гаранција за развој.

   Д) Целосна имплементација на Стратегијата за извозот 2024-2027 година;

   Ѓ) Прецизно утврден рок за реформи во јавната администрација со воведување на мораториум на нови вработувања и врзување на нивните плати со растот на БДП.

   Е) Радикално скратување на трошоците на буџетот за непродуктивни трошења.

   Ж) Стопанската комора бара законска одредба дека на секој економски закон ќе мора да се направи анализа после шест месеци од неговата примена.

**Комората повикува на почитување на врвниот принцип на лојалност кон државата, а сите наши членки и поединци се должни да го следат примерот на оние наши претставници кои тоа јавно го направија.**

П.С. Во минатата моја колумна најавив дека Комората работи и на предлагање на големи инфраструктурни проекти за искористување на компаративните предности на Македонија. Управниот

одбор формира група на експерти кои заедно со Стручната служба на Комората ќе предложат соодветни решенија. На сликите подолу гледате мала статистика за железницата и веќе изградениот нафтовод.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130800

**06.10.2023**

**Азески-Шрајнер: Енергетиката и инвестирањето во соодветен стручен кадар со отворени можности за зголемување на соработката со Германија**



Феликс Шрајнер пратеник во Германското собрание, член на Комисијата за транспорт, член на Парламентарниот советодавен совет за одржлив развој и претседател на германско-швајцарската парламентарна група, придружуван од Хуберт Хосп главен извршен директор на Коленко Германија и Никола Битрак главен извршен директор на Коленко Македонија одржаа работна средба со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески на која се разменија мислења за актуелната економска состојба и за можноста за интензивирање на соработката.

Претседателот Азески истакна дека последниве години, оценето од економски аспект, живееме во услови на големи предизици, но и на голем технолошки развој, кога фокусираноста, брзото темпо и ориентирањето кон целите играат голема улога во остварувањето на економскиот раст. Во такви услови поддршката и заемната соработка се од исклучително значење, особено од партнерите и од нашите пријатели од Германија, земја која е најголем деловен партнер на нашата држава.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130826

**17.10.2023**

**Азески на средба со главни уредници и управители на телевизии**



Претседателот на Комората Бранко Азески денеска одржа работен состанок со главни уредници и управители на телевизии во земјата. Средбата беше одлична можност за размена на ставови и идеи, со цел подобрување на комуникацијата и разбирањето на најактуелните предизвици со кои се соочува бизнис секторот.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130836

**24.10.2023**

**ИЛИЈА ГЕЧЕВ ГО ПРОСЛАВИ РОДЕНДЕНОТ ВО ДРУШТВО НА КОЛЕГИТЕ ОД КЛУБОТ 100 - Азески, Костов, Јосифовски, Анѓушев и Илоски со првиот човек на ИГМ Кавадарци**



Познатиот бизнисмен и заменик-претседател на Стопанската комора на Северна Македонија Илија Гечев го прослави својот роденден во друштво на членовите на Клубот 100.

Роденденскиот ручек на Гечев, организиран во скопска кафеана, беше израз на пријателство и обединување на индивидуалните и професионалните постигнувања на членовите на Клубот 100, престижна организација во рамките на Стопанската комора, составена од видни бизнисмени, претприемачи од различни индустрии и сектори на македонската економија.

Гечев, како генерален директор на ИГМ Трејд АД Кавадарци, е долгогодишен член на Клубот 100 и активно придонесува за подобрување на бизнис средината и економските услови во земјата.

Во друштво на Гечев беа претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, Кочо Анѓушев, претседател на УО на „Брако Групацијата", Андреа Јосифовски, претседател на УО на „Макпетрол", Хари Костов генерален извршен директор на Комерцијална банка и Илија Илоски, главен-оперативен директор на Комерцијална банка.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130841

**01.11.2023**

**ПРВА СРЕДБА НА КОМОРАТА СО ФИСКАЛНИОТ СОВЕТ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески имаше работна средба со членовите на Фискалниот совет, новоформирано независно тело, кое ќе ги надгледува макроекономските и фискалните политики во земјата.

На средбата Азески ја нагласи потребата од соработка со Фискалниот совет, кој по својата функција е постојано тело независно од партиското влијание и има обврска да прави проценка на владините фискални политики, планови и перформанси. Истовремено треба да ја прикажува реалноста од економски аспект и очекувањата од фискалната политика во државата.

„Вашата стручност и професионалност се гаранција дека барањата на бизнисот сериозно ќе бидат земени предвид. Фискалниот совет треба да обезбеди реална слика за макроекономската состојба во државата и тука како Комора очекуваме рамноправен третман зашто ние најдобро знаеме со какви предизвици се соочуваат компаниите и инвеститорите. Соработката е исклучително важна кога станува збор за фискалните реформи, стимулации за инвестиции и инфраструктурни проекти. И оваа средба ја сметам за почеток на еден конструктивен дијалог со цел да се подобри економската клима во државата", истакна Азески.

Претседател на Фискалниот совет Глигор Бишев истакна дека средбата е во рамки на отпочнатото конституирање на Советот и во фаза на екипирање на неговите стручни служби.

„Имајќи предвид дека во фаза е подготовка на буџетот за наредната година, ние почнавме да оствaруваме средби како со академската јавност, со институциите како Народна банка, со Министерството за финансии, со ММФ, со Светска банка, за да ги добиеме нивните впечатоци за случувањата во македонската економија, за да се проценат објективноста на претпоставките врз кои би се градел буџетот за 2024 година. Со сите институции со коишто се сретнавме ја имаме поддршката. Најжешките информации доаѓаат од коморите, бидејќи тие се првите, преку компаниите што ги чувствуваат промените како во меѓународното опкружување, така и дома“, рече Бишев.

Првиот состав на Фискалниот совет го сочинуваат: (претседател) проф. д-р. Глигор Бишев, по предлог на Народната банка и членовите: академик Абдулменаф Беџети, предложен од МАНУ и д-р Марина Трпеска, редовна професорка на Економскиот факултет на УКИМ, предложена од Државниот завод за ревизија.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130852

**02.11.2023**

**НОВА ПЛАТФОРМА ЗА СОРАБОТКА – СЕ ЗАСИЛУВА ВРСКАТА МЕЃУ НАУКАТА И БИЗНИСОТ**



Стопанската комора на Северна Македонија и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (УГД) започнуваат нова, иновативна соработка со цел да ја поддржат и олеснат интеграцијата на студентите во бизнисот и да ја засилат врската помеѓу науката и бизнис секторот.

На денешната средба меѓу претседателот на Комората Бранко Азески и ректорот на УГД проф. д-р Дејан Мираковски беа дефинирани можностите за имплементирање на концептот на дуално образование на Универзитетот и искористување на научно-истражувачките капацитети во развој на бизнисот.

„Сметам дека оваа соработка е неопходна за да ги изградиме следните генерации на лидери и стручњаци во различни области и да создадеме услови за успешна и перспективна иднина на младите генерации. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со реалниот сектор и предизвиците со кои се соочува стопанството, додека бизнисите ќе добијат можност да ги поддржат и менторираат следните генерации на професионалци“, истакна Азески.

Проектот помеѓу Комората и Универзитетот Гоце Делчев наречен „Студентите учат од бизнисот“ претставува платформа која ќе им овозможи на студентите да го спојат своето теоретско знаење со практичните искуства од бизнисот.

Преку овој проект студентите ќе имаат можност да ги развиваат своите вештини, но и да се запознаат со реалните предизвици на бизнисот, што ќе им овозможи подобро позиционирање на пазарот на труд по завршување на своите студии.

Проектот вклучува различни активности како гостувања на бизнис лидери во кампусот на Универзитетот, практични обуки и работилници, менторски програми во компаниите како и стекнување на конкретни знаења и вештини од областа на претприемништвото.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130857

**22.11.2023**

**Фестивал на младо вино од „Тиквеш“: Сплотеност и заедништво на бизнисмените**



Од секогаш сум бил приврзаник на традициите. Високите бројки ме импресионирале. Има многу такви успешни приказни, но една од нив, што ми е особено драга, е фестивалот на младото вино во Кавадарци, организиран од „Тиквеш“, кој се одржува секоја година. Оваа година беше 14ти по ред.

Ретко кога ќе најдете политичари на овој фестивал, затоа што во најголем дел тоа се љубители на виното и бизнисмените. Секогаш се чувствувам како дома, во пријатна атмосфера. За организацијата не сакам да зборувам, таа е на највисоко ниво. А улогата на г-динот Светозар Јаневски е посебна - тој бил, е и секогаш ќе биде предводник на модерните трендови во бизнисот. На новата директорка на „Тиквеш“ ѝ изразувам многу успех во работата.

Оваа година, фестивалот како да имаше нешто посебно. А тоа е заедничкото дружење на бизнисмените од Стопанската комора на Северна Македонија. Тие, во моменти кои не се толку поволни за бизнисот, демонстрираа сплотеност и заедништво.

Најдобро тоа го кажуваат сликите кои ви ги ставам на располагање.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130884

**24.11.2023**

**Обраќање на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, по повод јубилејот 20 години на Феро Инвест и фабриката Брако**



https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130889

**01.12.2023**

**НАШАТА ЦЕЛ Е 2023 ГОДИНА ДА ЈА ЗАВРШИМЕ СО ВКУПЕН ПРИХОД ОД 100 МИЛИОНИ ДЕНАРИ**



**Поводот за оваа колумна е поентата од кажувањето на нашиот пријател и мој советник Кристофер Сандерс, на месечното обраќање кое се одржа на 13 ноември во Стопанската комора на Северна Македонија, цитирам**: ”Најважниот аспект за кој што треба да зборуваме е одржливоста. За мене одржливоста значи правење добивка, затоа што ако го немате профитот, нема да може да го направите тоа што сакате да го направите, нема да може да не ги правите нештата кои не сакате да ги правите и на долг рок ќе ви помогне да се погрижите начинот на кој што општеството се развива да биде од полза за сите.”

Вкупните остварени приходи по години на Стопанската комора, за период 2005-2023 година се прикажани во графиконот подолу, истите се движеа годишно во распон од 61,1 милиони денари до 100 милиони денари и од нив се финансираа во целост сите наши активности, без задолжувања, “домаќински”, со огромна поддршка и доверба од сите вас. Како генерални мои согледувања, во оваа прилика, ќе издвојам неколку факти и бројки:

- Најниско ниво на вкупни приходи е забележано во 2005 година од 61,1 милион денари;
- Значителен раст на остварувањата на вкупните приходи се постигнува во годините 2018 и 2019 година, кога достигнуваат ниво на остварувања поголемо од 85 милиони денари;
- Највисоки вкупни приходи досега беа остварени во 2021 година во износ од 92,6 милиони денари;
- 2023 година за очекување е да биде најдобра година во остварувањата на вкупните приходи, со вкупни приходи поголеми од 100 милиони денари;
- Со овие приходи низ годините се финансираа сите наши активности, неколку стотици трибини и проектни активност, иницијативи, експетски анализи, прес конференции, илјадници издадени документи во надворешно-трговското работење, меѓународни активности, претстижни настани и состаноци преку формите на здружување, едукативни настани, книги, брошури, списанија, дигиталните решенија наменети за компаниите, но и за интерните процеси, платите на изградениот експертски коморски кадар, општествени донации и сл.).

Од досегашното финансиско работење и од активностите на Комората за период 2005-2023, сакам да потенцирам неколку наши значајни одредници, како битни обележја:

- За работењето на непрофитните организации, за Комората не е од пресудно значење остварување на големи вишоци на приходи, но остварувања на што поголеми приходи со кои ќе се финансираат и спроведуваат што поголем број на активности и понудат поквалитетни и нови услуги за компаниите членки, претставуваше приоритет во нашето делување кој имаше влијание на позицијата на Комората, како релевантен фактор во општеството;
- Настана значитечителна промена во структурата на средствата на финансирање на Комората:
  - Во првите години од плурализмот на коморското организирање, изворите на финансирање беа членарините, со 90% учество во вкупните приходи, а останатите 10% беа приходите од закуп и издавање на документи за надворешно- трговско работење;

- Денес бележиме повеќе од 63% зголемување на вкупни приходи во однос на 2005 година, а во структурата членарините учествуваат со 40%, финансирањето од проектни активности е со учество од 25% и 35% се комерцијални услуги на Комората;

- Во само четири години (2018, 2019, 2020 и 2021 година) остварен е вишок на приходи во вкупен износ од 58,9 милиони денари, кој е поголем за повеќе од три пати од збирот на остварувањата за 12 години (18 милиони денари) и овој остварен вишок на приходи во последните години претставува основа за развојно планирање и делување за следните наши коморски активности насочени кон поддршка на компаниите;

**Како понатаму?** Добрите резултати кои се остваруваа, особено изразени во во последните години, поставија и утврдија нови, значајно повисоки предизвици и таргети, како стартна основа за сите следни години. Тие за нас претставуваат сериозен предизвик, но бараат и голема одговорност, насоченост и грижливост кон нивно одржување и зголемување.

Со новиот Концепт на целосно свртување кон членките (2020-2025) и новите стратешки насоки на дејствувањето на Комората, **активностите ќе бидат исклучиво насочени кон интересот на компаниите – членки, со цел истите да добијат додадена вредност од членството во Комората.**

Ќе продолжиме кон определбата за целосна дигитализација на процесите, со цел доближување на услугите до компаниите и заштеда на интерните ресурси на Комората, рационално користење на расположливите средства, ефикасност и ефективност во работните активности и примена на стимулирано наградување на вработените во согласност со остварувањата со заштитна клаузула.

***И за крај, во нашиот случај, ние како непрофитна бизнис асоцијација, не правевме добивка, ние заедно создадовме успешна БИЗНИС АСОЦИЈАЦИЈА на која ќе се гордееме, и сега ќе се погрижиме начинот на кој што општеството ќе се развива, да биде од полза за сите.***

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130895

**04.12.2023**

**ГРАДЕЊЕ ОТПОРНОСТ ПРЕКУ ЕФЕКТИВНО ПЛАНИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ КОНТИНУИТЕТ**



Преку стратегија за вонредни ситуации како најдобар облик на заштита на бизнисите, Стопанската комора заедно со УНДП се вклучуваат во заеднички активности за “градење отпорност преку ефективно планирање на деловниот континуитет“. Иако темата е специфична истата упатува на потреба од размислување, планирање и подготовка за непосакувани и непланирани случувања. Бизнисот, како и секој аспект од нашиот живот, стана непредвидлив. Од природни катастрофи, технолошки дефекти, пандемии, сајбер напади, до нерегуларности во снабдувањето. Имаме пред себе бескрајни предизвици. За да ги совладаме, треба да бидеме подготвени и респонзивни, истакна претседателот на Стопанската комора Бранко Азески во рамки на одржување на панел-дискусија на која се дискутираше на тема **„Стратегии за деловен континуитет, научени лекции и предизвици“.**

Идејата за ваквата организација доаѓа како дел од активностите за одбележување на 60-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година.

Токму затоа кога зборуваме за континуитет во работењето, тоа не се однесува само на преживување во кризни ситуации, туку и на воспоставување и поддршка на основните операции и функции на бизнисот. Ова станува особено важно во периоди кога целиот свет, и ние секако, се соочуваме со предизвици кои се надвор од стандардите и усогласеноста. За сите нас, во организациите, во компаниите, имаме одговорност да ги заштитиме нашите вработени, да обезбедиме непрекинатост на услугите кон клиентите и да го поддржиме бизнисот во најразлични услови. Сега, повеќе отколку кога било, имаме можност и одговорност да го развиваме и унапредуваме нашиот план за континуитет на бизнисот. Ова вклучува инвестирање во технологија, едукација на вработените и постојано ажурирање на плановите и процесите, посочи Азески.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130897

**13.12.2023**

**Азески го презеде раководењето со Асоцијацијата на Балкански комори: За мене Балканот не е само регион, туку предизвик што го прифаќам со почит**



На седницата на Генералното собрание на Асоцијацијата на Балкански комори (АБК) што се одржа на 13 декември (среда) во Солун, Грција беше потврден изборот на претседателот на Стопанската комора Бранко Азески за претседател на Асоцијацијата во следната година.
Досегашниот претседател Јоанис Масутис, кој истовремено е и претседател на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција и официјално му го предаде раководењето со Асоцијацијата, при што од негова страна беше истакнато дека потребата од соработка меѓу Коморите е голема зашто има влијание врз економиите од целиот регион.
Азески се заблагодари за можноста да придонесе за исполнување на зацртаните приоритети во заедничката агенда на АБК кои во 2024 година преку нашето претседателство ќе бидат клучни приоритети на земјите од регионот, се со цел создавање поголем економски раст. Тој го истакна значењето од реализација на инфраструктурните проекти и поддршката која што државите, но и меѓународните финансиски институции треба да ја дадат за напредок на целиот регион.
Извозот, инвестициите и инфраструктурата ќе бидат ставени во фокусот за време на претседателството од страна на Стопанската комора на Северна Македонија.
„За мене Балканот не е само регион, туку предизвик што го прифаќам со почит. И како лидер на Стопанската комора мојата цел е да го подигнам регионот на ново рамниште, со една мрежа која ја изградив низ годините. Балканот е прекрасно место, нема ниту тајфуни, ниту цунамија, нити циклони, што значи дека кафезот е од злато, ама „биљбиљот“ внатре не чини. За нас извозот е излезното решение и треба да го дуплираме. Тој е алфа и омега на нашето постоење. Нашите компании работат одлично и со грчките и со албанските и со турските. Зошто тоа не го гледаат политичарите? Зошто не ги тргнат границите? Ние кои сме претставници на приватниот сектор, не не интересира политика. Пуштете нè да работиме“, истакна Азески на Генералното собрание на АБК во Солун.

На седницата се расправаше и за актуелните прашања од економското опкружување на земјите од Балканот, вклучувајќи ги перспективите на Балканските земји да се приклучат на Европската Унија и Еврозоната, како и прашањето за трговската и економската интеграција на земјите од регионот.
На маргините на состанокот, претседателот Азески имаше одделни средби со претседателот на Унијата на Комори и стокови берзи на Турција, Рифат Хисарчиклиоглу, со Јоанис Масутис, претседател на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, како и со Цветан Симеонов, претседател на Стопанската комора на Бугарија.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130909

**18.12.2023**

**Награда за Азески за неговиот придонес во одржување и развој на македонското стопанство**

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески е добитник на награда за голем придонес во одржување и развој на македонското стопанство.

Ова високо признание му беше доделено од страна на редакцијата „Битолски весник“ на традиционалната 24-та по ред манифестација „Избираме најуспешни битолчани“, што се одржа во петокот во Битола, во присуство на околу 600 гости од цената држава.
На доделувањето на наградите претседателот на Комората Азески изрази задоволство и почит за ова признание, кое, како што истакна, е резултат на посветена работа и придонес кон целата заедница.
„Оваа награда не е само признание за мојата лична ангажираност, туку е и поддршка кон целата бизнис заедница што нашата Комора ја претставува. Затоа сакам да ја споделам со сите членови на Стопанската комора, нашите партнери и сите претприемачи и бизнис лидери од Битола. Нивната посветеност и иновативност се двигател на успешната работа на целиот битолски регион. Оваа награда нека биде инспирација за сите нас да го поддржиме истражувањето на нови можности, креативноста и растот на локалната бизнис заедница“, истакна Азески на доделувањето на наградата.
На годинашната манифестација беа доделени 35 признанија на најуспешните граѓани и институции кои со своите постигнувања и успех дале придонес за своја лична афирмација и за афирмација на градот. Беа прогласени најуспешните во областа на политиката, здравството, стопанството, новинарството, бизнисот, банкарството, образованието, естрадата, невладините организации, спортот, науката.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130913

**21.12.2023**

**ИЗВОЗОТ, НАПРЕДНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ, ЕНЕРГЕТИКАТА, ЕВРОПСКАТА БИЗНИС МРЕЖА: Стопанската комора и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги прошируваат заедничките активности за поддршка на македонската економија**



Засилување на врската помеѓу науката и бизнис секторот преку заеднички проектни активности, како и градење на заеднички ставови и иницијативи кои ќе ја поддржат конкурентноста на домашната економија беа темите на денешната работна средба меѓу претседателот на Стопанската комората Бранко Азески и ректорката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) проф. д-р Биљана Ангелова.

На состанокот Азески ја истакна важноста на трансферот на знаење и иновации меѓу бизнисот и образованието, односно науката, како средство за постигнување на остварлив и одржлив економски раст. Двете институции веќе соработуваат на заеднички проекти поврзани со енергетиката, поттикнување на соработката меѓу домашните и странските инвеститори во државата, како и поголемо вклучување на нашите бизниси во Европската мрежа на претпријатија. Но соработката ќе се издигне на повисоко ниво, при што ќе бидат формирани посебни тимови од страна на Комората и на Универзитетот се со цел да се искористат кадровскиот потенцијал и целокупните ресурси на двете институции.

„Верувам дека заедно можеме полесно да ги надминеме предизвиците со кои се соочува нашата економија и да го обликуваме идниот период на развој и напредок. Нашата заедничка иницијатива и стратегија ќе биде насочена кон зголемување на соработката, нови проектни активности, но и подигнување на стандардите, за што ќе го вклучиме целиот кадровски потенцијал и ресурсите кои не се искористени во целост и во Комората и на Универзитетот. Сакам да потенцирам дека кадровскиот потенција на УКИМ има тежина не само за бизнисот, туку и за целата држава“, нагласи Азески.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130919

## ИНТЕРВЈУА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ ОБЈАВЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ






























**10.2.2023**

**Азески за Блумберг Адриа ТВ: Парите што Владата планира да ги собере преку данокот на солидарност можеше да се обезбедат од други извори**



Парите што Владата планира да ги собере преку данокот на солидарност можеше да се обезбедат од други извори, изјави претседателот на Комората Бранко Азески во интервју за Блумерг Адриа ТВ. Тој потенцираше и дека законското решение се носи доцна, не е испочитуван даночниот календар, па компаниите го немаат ставено тој трошок во нивните биланси.

„Нашите принципиелни заложби за даночниот календар со кој сме договорени со власта дека нема да се воведуваат нови давачки во период после шестомесечието, односно први јули, не се испочитувани. Компаниите кои што работат ги прават своите планови за следната година во тој период и тие мора да ја имаат пред себе предвидливоста како основен аспект на таа работа. Со предлогот на овој закон се дојде многу доцна и мислам дека тоа ќе биде дополнителен трошок за компаниите, кој не е евидентиран на време и не е ставен во нивните биласни за следната година. Што се однесува до конкретното решение, бевме консултирани од страна на Владата, во неколку наврати, ние имавме сериозни забелешки и за критериумите, па тие се менуваа и се приспособуваа, меѓутоа исто така сметаме дека ова решение можеше да се избегне затоа што парите кои би се собрале на овој начин може да се обезбедат на друг начин и сметаме дека имаше други алтернативи. Инаку ние сме свесни за состојбата во која што се наоѓаме и сакаме да помогнеме. Меѓутоа мислиме дека може да се искористат нашите предлози. Владата се одлучи да оди со тој концепт и тој е усвоен на владина седница, сега се очекува во Парламентот. Но знаете дека Парламентот не е функцинален и можни се секакви решенија. Во зависност од тоа како ќе се одвиваат работите понатаму, ќе ги продолжиме нашите реакции“, изјави Азески.

Во однос на најавите на власта за зголемување на квотите за увоз на работна сила Азески потенцираше дека бизнисот ја поддржува мерката, меѓутоа во многу органичен број.

„При зголемување на квотите за увоз на работна сила власта да ги има предвид интересите на државата и бројките коишто се евидентирани во Агенцијата за вработување, која што има целосна документација за ова прашање. Она што ние го видовме во евиденцијата, дозволи за работа не се даваат само за струки кои му се потребни на бизнисот, туку и за огромен број на лица кои се менаџери, спортски работници и лица со квалификации кои не се врзани со производствениот процес“, нагласи Азески.

Во интервјуто претседателот Азески зборуваше и за Декларацијата којашто Комората ја издаде на својата 100 годишнина и со која бара во наредните десет години сите чинителни на економската политика и политичките елити да се свртат кон еден нов рамковен економски договор со приоритети којшто ќе овозможи економски раст во државата и поголем стандард и за граѓаните.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=110587

**21.9.2023**

ИНТЕРВЈУ ЗА ТВ ТЕЛМА

**АЗЕСКИ: МОРАМЕ ДА ДАДЕМЕ ПРЕДИМСТВО НА ДРЖАВНИТЕ ИНТЕРЕСИ, ПАРТИСКИТЕ ДА ГИ ОСТАВИМЕ НА СТРАНА**



Претседателот на Стопанската Комора Бранко Азески во интервју за Топ Тема посочува дека бизнис секторот направил се за да се продлабочи дијалогот меѓу нив и Властите, но во услови кога партиските интереси се побитни, повикува на заедничка платформа на бизнисот со универзитетите медиумите синдикатите невладините организации Стопанската комора најави дека ќе го даде вчера донесениот Закон за солидарен данок пред Уставниот суд а тоа ќе биде трет оспорен Закон од страна на Комората за две години Според првиот човек на Комората забрзано се носат закони за потребите на изборите .

*Ние сме вчудоневидени од состојбата која што ја гледаме во моментот, којашто на едноставен и прост начин значи дека над масава сега има ситуација во која што гледаш никаква активност освен некаква лична и партиска која што постои, а под масава врие. „Затоа што секој трет ден добиваме некој закон од епохални размери, којшто некој го работи. На пример законот за трговски друштва во моментов. Како на сцената горе не гледаме активност, а гледаме долу закони кои што се во интерес на предизборието. Тоа значи машинеријата која што се наоѓа внатре, усидрена, во администрацијата функционира веројатно беспрекорно и прекувремено во овој период. И туку оп, одма ќе го добиеш одговорот. Па ваква законска активност ние не сме имало во последниве 10 години“, смета Азески.*

Азески вели дека државните интереси мораат да имаат поголема важност од партиските.

*„Чудната ситуација во која што се наоѓаме сега е да тој дијалог постои, да тој се прифаќа, но фали имплементацијата. Вечерта кога ќе се оди во партиските седишта се пресметува штетата што би настанала по партиските интереси. Затоа ние викаме мора во овој период сега да дадеме предимство на државните интереси, партиските да ги оставиме на страна“, дециден е претседателот на Стопанската комора.*

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130806

**10.10.2023**

**ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ ГО ОБЕДИНИ БИЗНИСОТ**



** На 4 октомври истече рокот за поднесување на образецот ДБ-ДС, односно на даночниот биланс за данок за солидарност. На 25 октомври е последниот рок за плаќање на оваа даночна обврска. Што се случува во меѓувреме? Дали сè уште се работи на иницијативата за оспорување на Законот за солидарен данок?*

Азески: Да, Комората продолжува активно да работи на иницијативата за оспорување на Законот за данок за солидарност пред Уставниот суд на Република Северна Македонија. Иницијативата значи обединување на целата бизни с-заедница во однос на овој закон, што е редок позитивен пример и покажува дека Клубот 100 при нашата комора правилно постапил реагирајќи на правните и процедурални пропусти во самиот закон. Има и втора придобивка за нас, а тоа е таа дека првпат иницијатори за оспорување на законското решение кое има финансиски последици врз компаниите да се оние бизнис-субјекти врз кои Законот нема финансиско влијание. Значи, компаниите кои не се опфатени со овој закон и кои немаат обврска да го платат овој данок се иницијаторите Законот да се достави до Уставниот суд, а тоа зборува многу за улогата што ја има Комората, пред сè , во поврзувањето или во вмрежувањето и во застапувањето на бизнис-заедницата гледана како една целина. Бизнисот е целосно усогласен во однос на забелешките кон Законот за данок за солидарност.

** Дали наскоро ќе биде доставена до Уставниот суд?*

Азески: Доставата до Уставниот суд зависи од потребните процедури и правни механизми. Но, секако, Законот ќе се најде пред Уставниот суд. Ова е трет закон оваа година што ќе го оспориме на Уставен суд, што доволно зборува за тоа дека се исцрпени можностите за преговарање и за почитување на нашите аргументи. И ние во тоа не гледаме ништо необично. Ние сакаме да има дијалог, да има различни мислења. Сакам да појаснам дека Законот за данок за солидарност нема никаква врска со оспорување на солидарноста. Има врска со определени процедури и основни принципи на работа што мора да се почитуваат.

** Какво е мислењето на Комората: компаниите да ги почитуваат роковите, а потоа да ја бараат правдата или постои и некоја друга опција, како на пример непослушност?*

Азески: Како комора ние поддржуваме законска и легитимна процедура. Непослушноста не е опција што ја промовираме.

** Дали се разговарало за ова прашање и дали членките на Комората кои се засегнати од овој данок ќе се однесуваат усогласено?*

Азески: Главна цел на Комората е да ги заштити интересите на своите членки и да им помогнеме во процесот на законска заштита, а таа го прави тоа. Прашањето околу Законот за данок за солидарност беше предмет на дискусија и на консултации со членките на Комората. Упативме дописи со аргументи образложени на повеќе страни, усогласени и потпишани од највисоките органи и тела на Комората,

предводени од Клуб 100, а поддржани и од Управниот одбор, Надзорниот одбор, од Собранието на Комората, Советот на странски инвеститори и од другите бизнис-организации.

** За крај кои се Вашите очекувања?*

Азески: Нашите очекувања се дека Уставниот суд на Република Северна Македонија ќе биде на висина на својата улога и одлуката ќе ја донесе врз основа на законитоста и на уставните одредби.

**https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130828**

**25.10.2023**

**СУШТИНСКА ПРОМЕНА ВО НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПРИМАЕРЕН ФОКУС НА ЕКОНОМСКАТА ДИПЛОМАТИЈА**

*Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески гостин во емисијата „Економска Дипломатија“ на македонската телевизија*



Македонската дипломатија ширум светот функционира во рамки на скромни финансиски можности на државата за нејзина поддршка. Фактот дека финасиските ресурси се значително ограничени ја наметнува потребата од изострен фокус на македонката дипломатија кон работите што се од егзистенционално значење на македнската економија и држава, како што е извозот и првлекувањето странски директни инвестиции, вели во емисијата „Економска дипломатија“, претседателот Бранко Азески.

Укажува дека решението не е да се зголеми присуството во странските земји за уште неколкумина економски промотори од земјата. Потребна е суштинска промена во начинот на функционирање на македонската дипломатија, таа да стане стожер а не пропратна активност. Само така ќе може да функционира доминантно во функција на поддршка на македонксиот извоз, зголемување на присуството на постојните и пробив и освојување на нови пазари.

Целото интервју од претседателот на Стопанската комора Бранко Азески во емисијата „Економска Дипломатија“ на македонската телевизија на следниот линк - https://play.mrt.com.mk/play/566675

**https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130842**

**04.12.2023**

**Интервју за регионланиот магазин „CORD“ https://www.cordmagazine.com/**

**ФОРМУЛАТА Е ЕДНОСТАВНА, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИСТАТА СЕ ОДВИВА ТЕШКО...**



За да се овозможи атрактивноста на државите за инвестирање во нив, потребно е добро бизнис окружување и долгорочна сигурност за инвеститорите, што претпоставува политичка стабилност на регионот, кредибилни државните институции, владеењето на правото, заштита на приватната сопственост и поттикнување на конкуренцијата.

За да се зголеми атрактивноста на земјите од регионот за инвеститорите и префрлање на нивните операции во Западен Балкан (покрај генерално ниските даноци во споредба со други региони) неопходни се и инфраструктурни инвестиции во ефикасен и непречено функционален транспортен систем, кој ќе обезбедува поврзување во рамки на регионот, но и со останатите држави. Исто така, треба да се избегнат големиот број на гранични премини, физичките прегледи на границите и бројните нетарифните бариери, кои одземаат време и средства на компаниите. Според индексот на Светска банка за логистика 2023 (Logistic Performance Index), кој цени развиеност на инфраструктурата, царинските постапки и логистиката, земјите од регионот на Западен Балкан се ниско рангирани (Србија на 73-мо место, Босна и Херцеговина на 61-во, Црна Гора на 73-то, Албанија на 97-мо, Македонија на 57-мо место од 139 земји) и на ова треба да се работи.

Сепак, учеството на трговската размена на Западен Балкан во вкупната трговската размена на Европската унија е само 1,4%, што говори дека има голем простор за зголемување на учеството.

Демографските промени поради помалиот прираст и иселувањето на младото и образовано население од регионот се одразува како недостиг на кадар со соодветни вештини за компаниите во регионот, па потребно е да се зголеми мобилноста на работната сила во Западен Балкан и олеснето добивање на работни дозволи, како и да се обезбеди меѓусебно признавање на професионалните квалификации.

Слободното движење на стоките и услугите, капиталот и луѓето во рамки на регионот на Западен Балкан може да помогне на земјите да ги надминат ограничувањата создадени од лошата инфраструктура, неефикасните политики, географската припадност и демографските промени и да го направат регионот поатрактивен за инвеститорите и префрлање на нивните операции во овој регион.

За државите од Западен балкан ЕУ е водечки трговски партнер со две третини (65,8%) од вкупната трговија во 2022 година, кога вкупната трговска размена на регионот со ЕУ достигна историски највисоко ниво од 85 милијарди евра. Оваа трговска експанзија генерално е во корист на земјите од Западен Балкан. Во последните десет години регионот го зголеми својот извоз во ЕУ за 217%, наспроти зголемувањето на увозот од ЕУ во регионот од 125%. Бројките говорат дека наши компании пенетрираат на европскиот пазар, што претпоставува и усвојување на европските стандарди од одредени компании и подобрување на перформансите на работењето, но и постојано справување со високиот конкурентски притисок.

Сепак, учеството на трговската размена на Западен Балкан во вкупната трговската размена на Европската унија е само 1,4%, што говори дека има голем простор за зголемување на учеството, но за исполнување на оваа цел покрај трговските преференции кои овозможуваат извоз во ЕУ без царини и

ограничувања на квоти (со некои исклучоци, а кои од 2000 година ги имаат сите земји од Западен Балкан) важно е исполнување на европските стандарди, особено во делот на сообразоста и прифаќањето на индустриските производи, ветеринарните, санитарните и фитосанитарните стандарди за производи од растително и животинско потекло, како и оние кои се поставени со европскиот Зелен договор и Зелената агенда за Западен Балкан. За поголемо присуство на компаниите од Западен Балкан на европскиот пазар и нивно вклучување во синџирите на снабдување потребни се стимулациите во форма на експертиза и финаниска поддршка за исполнување на стандардите, што имплицира неопходност од пристап до структурните фондови на ЕУ.
https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130896

## СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ НА КОМОРАТА: FACEBOOK, INSTAGRAM И LINKEDIN

Стопанската комора е активно присутна на социјалните медиуми, Facebook, Instagram и LinkedIn, и преку овие платформи ги информираме нашите членки и заинтересираните страни за најновите вести, настани и активности поврзани со Комората. Во текот на 2023 година на секоја од платформите се објавени по 152 содржини. Присуството на социјалните медиуми ни овозможува да ги засилиме врските со бизнис заедница и да создадеме отворена и интерактивна платформа за дијалог и размена на идеи.









# ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ И НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ЧЛЕНОВИТЕ НА КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА

**02.3.2023**

**ИНФРАСТРУКТУРАТА - ВРВЕН КОМОРСКИ ПРИОРИТЕТ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mId=3&evid=110614&lng=1




**22.3.2023**

**НЕМАЊЕТО ЈАСЕН ИЗБОР НА МОДЕЛ НА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА НОСИ СЕРИОЗНИ ЕКОНОМСКИ ПОСЛЕДИЦИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=110638&lng=1




**25.04.2023**

**МЕСЕЧНО ОБРАЌАЊЕ НА АКТУЕЛНА ТЕМА: „БЕХТЕЛ И ЕНКА - МОЖНОСТИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ОДГОВОРНОСТИ“**

**08.6.2023**

**АЗЕСКИ НА МЕСЕЧНОТО ОБРАЌАЊЕ: НАМЕСТО ПОЛИТИЧКА-ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА, ИЗВОЗОТ МОРА ДА БИДЕ АЛФА И ОМЕГА НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=120726&lng=1

**11.9.2023**

**ЕУ ИНТЕГРАЦИЈАТА – ЕДИНСТВЕНИОТ НАШ ПАТ ЗА ПОНАТАМОШЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=120793&lng=1

**27.9.2023**
**ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР И ЕВРОИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=130817&lng=1

**16.10.2023**
**ЕУ интеграции – еколошки стандарди за животната средина во компаниите- услов за влез, препознатливост и конкурентност на Европскиот пазар**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?lng=1&mid=3&evid=130834

**18.10.2023**
